## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,14 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата има доволен број на присутни пратеници, според тоа почнуваме со работа.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 51-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Данаил Дончев, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Али Ахмети, Фазли Велију, Славица Грковска, Хади Незири, Илинка Митрева, Лазар Китановски, Радмила Шекеринска, Андреј Жерновски и Ристо Пенов ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

(По излегувањето на резултатот на телтоп).

Ги молам службите уште еднаш да го достават точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Во салата има 65 пратеници, според тоа можеме да констатиравме дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за избор на член на Владата на Република Македонија.

Министерот за локалната самоуправа, господин Зоран Коњановски поднесе оставка.

Согласно член 223, став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија министерот за локалната самоуправа може да ја образложи оставката.

(Министерот не дава образложение).

Констатирам дека согласно членот 224 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, министерот на локалната самоуправа, господин Зоран Коњановски му престанува мандатот.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 63 пратеници, сите 63 гласале за.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниов дневен ред:

1. Предлог за избор на член на Владата на Република Македонија;

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 69 гласале за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за избор на член на Владата на Република Македонија**

Предлогот за избор ви е доставен, односно поделен.

Собранието избира член на Владата на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлгот Абдураман Мемети да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот премиер Никола Груевски.

Повелете господине премиер.

**Никола Груевски:** Почитувани пратеници,

По неколку месеци разговори со партијата ПДП и разговори внатре во коалицијата која што го составува владиното мнозинство најдовме дека би било добро и корисно партијата ПДП да стане дел од владината коалиција и парламентарното мнозинство. По успешно завршените разговори дојдовме до заклучокот дека е добро влегуваајќти во таа коалиција оваа партија да даде понуда за еден министер во Владата, со кого што претходно остварив средба, ја разгледав неговата биографија, поразговарав со него и впечатокот е дека е човек кој што може достојно да се носи со функцијата и треба да ја добие шансата.

Од тие причини досегашниот министер за локалната самоуправа, господинот Зоран Коњановски имајќи го во предвид значењето на проширувањето на владината коалиција поднесе непотповиклива оставка и ја отвори можноста за доаѓање на нов министер на оваа позиција и проширување на владината коалиција со уште една партија, партијата ПДП која што е една од најстарите партии во Република Македонија, најсара албанска партија со поголема традиција и со секогаш интересни кадри за разгледување како можност за нивно влегување и управување со јавни функции.

Сакам да напоменам дека досегашниот минсиртер господинот Зоран Коњановски одлично ја извршуваше функцијата министер и сакам јавно да му се заблагодарам за неговата досегашна работа и учинокот што го даде во Владата на Република Македонија. Исто така, да напоменам дека согалсно разговорот што го водев со предложениот министер очекувам дека и тој, најмалку исто така добро ќе ја обавува оваа функција, затоа што поседува квалитети и како личност и како професионалец кое што дава некаква гаранција дека така и ќе биде.

Согласно Деловникот биографијата на господинот Мемети ви е поделена. Тој е родум тетовчанец, дипломиран на природно-математичкиот факултет во Приштина 1979 година, работел како професор во неколку училишта, во моментот работи во медицинскиот центар "Никола Штејн" во Тетово. Автор е на учебник од неговата област, во која што предава. Исто така, поседува повеќе обуки за менаџмент во Македонија, во странство, посетувал други школи, така што се работи за човек чии што карактериситики оставаат доверба дека ќе продолжи исто така добро како и господинот Коњановски што ја вршеше работата, да продолжи да ја врши, а се надеваме дека секогаш ќе имаме напредок во таа работа.

Од овие причини ве молам почитувани пратеници да дадете согласност за именување на новиот предлог за министер во Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули.

(Некои претници се јавуваат за реплика)

Се извинувам, за реплика се јави пратеникот Тахир Хани.

Повелете, господине Тахир Хани, три минути.

**Тахир Хани:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Мислам дека треба да го изразам своето убедување околу одлуката на Никола Груевски, што можеби ќе биде последен пат да му се даде можност да ги остварува уставните нормативи, тој да решава во неговиот кабинет да вклучува нелегитимна албанска партија.

Сакам да го искажам своето длабоко убедување дека Албанците треба да градат стандарди со кои идните влади, политички, или пак во Република Македонија ќе треба да ја почитуваат албанската демократија, да демонстрираат она што значи волја на граѓаните Албанци. Можеби некој ќе ни реплицира, но ова не го правам заради реплика, туку сакам да го нагласам како мое лично убедување и верувам дека е во интерес на сите Албанци во Македонија и пошироко. Албанците во Република Македонија треба да бидат народ кој што решава само за својата судбина кој што решава за својот избор, а не на кој како ќе му текне и кога ќе му текне да избере за партнер во Владата. Затоа се надевам дека во иднина Албанците ќе изградат стандарви Република Македонија да има уставна нормативa во однос на избор на Влада со двојно мнозинство.

Мислам дека ова е последен пат и се надевам дека ќе биде последен пат, Македонија да избира нелегитимна Влада, Влада без двојна легитимност во Република Македонија. Треба да прифатиме една реалност дека Македонија е бинационална седница, држава во која што Албанците имаат значаен придонес и затоа ние треба да се почитуваме во иднина.

Значи, Уставот на Република Македонија во иднина ќе треба да предвиди изборот на Владата да биде со двојно легитимно мнозинство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор процедурално господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Бидејќи вие сте одговорни, ја водите оваа седница ќе ве замолам секој обид на изнесување на невистини, без разлика од која страна, кој пратеник, која политичка партија треба да реагирате. Македонија не е бинационална држава.

Значи, би ве замолил да реагирате, без разлика кој пратеник што ќе каже. Сепак ова е законодавен дом.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор премиерот Никола Груевски.

**Никола Груевски:** Би сакал да напоменам дека не може да стане збор за нелегитимни партии за партии кои што излегле на избори и ги гласале граѓаните, избрале пратеници на легален начин во Парламентот во Република Македонија.

Патем речено партијата ПДП е партија која што егзистира уште од првите политички партии кога многу од денешните партии во Парламентот и не постоеа. Од тој аспект мислам дека е непристојно да се зборува за легитимитетот.

Би додал и тоа дека неколку месеци разговаравме со ПДП околу сите детали, тие ја прифаќаат владината програма, која што се залага за повеќе инвестиции, повеќе економија, за борба против корупцијата и криминалот, за спроведување на Охридскиот рамковен договор, кое што е насочено кон подговтовка на земјата за полноправно членство во НАТО во Европската унија така што од тој аспект работите се усогласени и навистина е чудно да се зборува за легитимитет, за партија која што кој знае колку пати досега излегла на избор, вклучувајќи го и последнот пат и на легитимен начин граѓаните гласале за тие пратеници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, почитуван претседател на Владата, колешки и колеги пратеници,

Да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ и да го образложам истиот.

Пратеничката група на СДСМ нема да го подржи овој Предлог на Владата на Република

Македонија за избор на нов член на Владата на Република Македонија и ќе го дадам следното образложение.

Мислам дека ова е уште една од низата на политички несериозни потези во обид да се направи политичка стабилност во Република Македонија или политичката стабилност на институциите да биде загарантирана само со еден пратеник плус во Собранието.

Од политички аспект кажав, а втората причина што не загрижува е дека моментот во кој што се врши оваа промена на министерот за локалната самоуправа.

Имено, по сите укажувања и по многу не семо стручни, експерти и лица не само од Македонија, туку и од странство процесот на децентрализација е еден од најзначајните процеси кој се одвива во Република Македонија.

За жал, доста е скептична сликата со процесот на децентрализација , но има многу кажувања дека државата во овој момент не е спремна. Имено, на 1 јули 2007 година треба да почне втората фаза на деценрализацијата односно овде во Собранието мораме да го промениме Буџетот каде што од средствата кои се дел од образованието треба да поминат во трансфери во општините. Откако тоа ќе се заврши овде во Собранието, до 1 јули тоа да го направат со свои ребаланси на буџетите и општините.

Мислам дека кога има само уште 12 дена до 1 јули новиот министер веројатно не може ни да ги посети општините по еднаш, а камо ли да се зфати со една ваква сериозна работа која што не зависи само од него, ќе се согласам тука. Тоа зависи од многу други чинители, но ако сакаме втората фаза да профункционира како што треба, треба да се завршат некои работи кои што и се задача на Владата до 1 јули.

Второ, вие рековте, нема да зборувам за историјатот и за ПДП, тоа е поширока политичка дебата, вие рековте дека сте ја погледнале биографијата и сте се решиле да му дадете шанса. Мислам дека да се добие шансата треба да има и некој друг декраунд за позицијата што ја давате.

Мислам дека,како прво веројатно е некоја печатна грешка, не ни се верува дека би ве одушевила дека за 14 години дипломира, мислам дека има некоја печатна грешка во биографијата. Биографијата не нуди материјал да бидеме релаксирани во продолжување на процесот на децентрализација на Република Македонија, пред се во имплементација на Законот за рамномерен регионален развој. Мислам дека една од строгите мориторинзи што ни се прават тоа е како се имплементира и се одвива процесот на децентрализација. Непотребно и во лош период мислам  дека се прави оваа смена. Мислам дека оваа смена ќе донесе до дополнителна политичка криза, начнаа нешто пратениците од ДУИ, но мислам дека тоа не треба да биде мирно. Колку што гледам господинот Тачи е радосен и реагира  веројатно можеби ова е и негов предлог за лицето што доаѓа, а не доаѓа од ПДП и можби тоа е дел од тој фамозен договор што не сака или што сака да го каже, ама ние никако во Собранието да му дозволиме.

Вие искажавте доста пофалби за министерот Коњановски, кој имаше чест да биде само во ваква Влада, значи не би работел во Владата на Република Македонија, туку токму во ваква, условно да кажам без навреда ВМРО-вска Влада, но ако се точни шпекулациите што кружат во јавноста мислам дека како добар министер за локалната самоуправа ќе биде лош директор на позицијата за која што го подготвувате, бидејќи никогаш не работел во Рударско-енергетскиот комбинат Битола, каде што со многу импровизации во таа област мислам дека енергетската ситуација во Република Македонија е на ниски гранки. Затоа освен шанса врз база на биографијата што му ја давате на господинот Абдираман Мемети, мислам дека биографијата која што си е дбора во одредена област не одговара на исклучително значајниот период кој што ни претстои, а тоа е втората фаза на децентрализацијата, имплементацијата на Законот за рамномерен регионален развој, имплементацијата на Законот за полиција, не ќе може да се направи без учество и на минитерот за локалната самоуправа во серијата на подзаконските акти што ќе се носат, така да  во услови кога многу општини не се административно спремни да започнат со втората фаза на децентрализацијата мислам дека оваа промна само ќе го закочи тој процес и ќе ги забави  реформите кои што се во делот на имплементацијата.

Нема да го злоупотребувам договорот, како што беше спомнат како сте се обврзале на начинот на изборот на Влада, мислам дека и тоа не е уставно, па затоа и го оспоруваме. Но, барањето или трчањето по Бадинтер се покажа дека Македонија закочи многу месеци на својот пат кон Европската унија. Трчањето кон Бадинтер, заради политичката проценка, мислам дека и тоа се покажа со Судскиот совет, не врати во декември 2006 година, трчањето по Бадинтер преточено со еден пратеник, еден министер не е гарант за политичка релаксирана иднина не само на Владата на Република Македонија, туку и на патот на Македонија кон Европската унија и кон НАТО.

Затоа, ја споделуваме загриженоста со многу општини кои што мислат дека овој процес ќе се позабави на имплементација на рамномерен регионален развој на децентрализација и изборот во однос на биографијата мислиме дека несоодветствува на она што се бара на миистер за локалната самоуправа. Затоа, ние како пратеничка група ќе гласаме против овој Предлог на господинот претседател на Владата Никола Груевски. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Каква е вашата интервенција господине Агрон Буџаку, на чие излагање имате реплика?

Значи, имате процедурално, повелете.

**Агрон Буџаку:** Господине претседателе, јас мислам дека вие имате голема одговорност, затоа што одговорноста не паѓа, не ми е ни толку гајле доколку паѓа врз вас или на партијата што ве поставила на тоа место, туку одговорноста е врз целиот Парламент на Република Македонија прави 17 години, ние сме тинејџери, не сме во пелени. Доколку сме тинејџери барем да ги почиуваме и веќе треба да ги иамаме научено правилата на парламентарната демократија. Тука кога се говори за јавување за збор или за процедурална заблешка, јас имам и еден поранешен мандат и почитуваните колеги знаат дека со рака се бара процедурална реплика. Бидејќи, господинот Груевски и не се јави дека реплицирав на дискусијата на почитуваниот колега Тахир Хани, јас со рака побарав реплика. Ова не е ваша одговорност или пак на вашата партија или на мнозинството, туку вашата позиција е рефлексија или одраз на спроведувањето на почитувањето на правилата на Парламентот на една земја, држава која што претендира да почне преговори со Европската унија. Доколку вие така како што делувате уште на почетокот со законот за полиција и понатаму ги прекршувате овие правила, ги прекршувате и правилата за гласање на зконите кои што се изгласале со Бадинтер, па без Бадинтер, ќе се наруши имиџ на цела Македонија, не само вашиот господине претседател. Така што, доколку е практика, доколку се бара збор, а да не се излезе од листата да се бара реплика со рака, ќе ве молам кога некој ќе бара реплика, да му дадете реплика. На овој начин не може да се дискутира и да знаете дека сите сме под мониторинг. Доколку некој нема желба да почне со преговори со Европската унија нека каже отворено. Доколку некој мисли дека ќе станеме Венецуела на Хуго Чавес, за да не се спречат сите демократски права, нека го каже тоа. Меѓутоа, ние тоа не сме, затоа што немаме нафта, немаме пари. Така што демократијата во Македонија не е во пелени, туку сме тинејџери, а тинејџерите нешто сфаќаат. Ве молам, кога се бара процедурална забелешка и со рака, да го дадете тоа право.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има премиерот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Јас само сакав кратко да објаснам од излагањето на пратеникот Макрадули, дека што се однесува до децентрализацијата, подготовките за втората фаза се одвиваат според целата предвидена динамика и дека тука нема да има никаков проблем, затоа што сите нешта во врска со тоа се добро подготвени. Први јули е датумот за почетокот за втората фаза на фискалната децентрализација односно за понатамошните чекори во однос на децентрализацијата. Во тој поглед Владата, Министерството за локалната самоуправа, Министерството за финансии и другите надлежни министерства многу внимателно ги водат сите нешта. Што се однесува до ребалансот тој оваа недела треба да е веќе во владина процедура и треба да биде усвоен од Владата и најверојатно до крајот на неделата ќе биде испратен до Парламентот, така што сите работи се добро координирани, добро осмислени, добро подготвени. Штом дојдат ампликациите после 1 јули треба да стигнат барањата, апликациите на општините, тие ќе бидат разгледани, да се види кој од нив ги исполнуваат условите. Ве уверувам дека сите што ги исполнуваат критериумите навреме ќе си влезат во втора фаза на децентрализацијата. Така што, од тој аспект само би сакал да посочам дека не треба да има загриженост.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине перемиер.

Контра реплика од една минута има пратеникот господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Ако крајот на неделата некаде дојде 22-ри овде во Собранието и почне идната недела, од понеделник и тоа трае два до три дена тој ребаланс на Буџетот овде во Собранието, не верувам дека до 30 јуни општините ќе можат да го завршат процесот на ребаланс што адекватно ќе следувам врз база на ребалансот на државниот буџет при трансферот на општините од образованието. Таа загриженост еве ја споделувам и останува, затоа што господинот премиер рече дека до крајот на неделава ќе дојде до собраниска расправа, тоа е на 22, седнцата ќе почне некаде на 24-ти, тоа се два дена, што не верувам дека ќе можат и општините да завршат со своите ребаланси. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Димовски, вие ќе реплицирате на говорот на господинот Јани Макрадули.

Повелете, вашите три минути.

**Илија Димовски:** Сосема накратко претседателе.

Сакам да го издвојам делот на колегата Макрадули кога ја прогнозираше политичката иднина на досегашниот министер Коњановски и сакам во мое име да искажам благодарност за признанието на колегата Макрадули дека досегашниот министер Коњановски бил добар министер за локалната самоуправа. Се надевам дека и другите пратеници од пратеничката група на СДСМ во дискусиите ќе го застапуваат ставот на координатотор на пратеничката група Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Со жалење уште еднаш како парламентарна група или коалиција ДУИ -ПДП констатирам дека од мандаторот Груевски не се испочитува

елементарното право на Албанците во Република Македонија, елементарното право на албанскиот гласач тој да има можности да избира навистина тие кои што ќе ги претставува нивните интереси во Парламентот или во Владата. Од друга страна да го казни својот политичар за неизвршување на работата како што ветил или како што ја предвидел во својата платформа партиска пред гласачкото тело, кога ние бараме гласови од нашите гласачи. Велам, тоа се случува само во нашата земја. Зборувам за едно непишано правило на претставувањето на еден политички субјект на Албанците во Владата. Како и да е мислам дека ваквиот приод, ваквата филозофија Македонија не ја води во тој правец, што е и интерес на граѓаните на Република Македонија, независно дали се Македонци, Албанци или пак од друга етничка заедница, која што учествува во актот на гласањето или на изборот. Исто така, за жал, за нашата држава албанските политички субјекти не ги испочитуваа најпрво тие меѓусебе со едно непишано правило, да гопочитуваат гласот на гласачот, кој му го доверува тој глас и треба да ги претставуваме како што треба. Велам, тоа е за жалење, затоа што ние Албанците не се почитуваме меѓу себе, тогаш бараме односно зошто да бараме господине Груевски да го испочитува тоа. Јас целосно го разбирам зошто тој тоа го прави, сигурно и албанските гласачи го знаат ова, но потворно ќе кажам дека одговорноста паѓа врз мандаторот. Сметките сигурно ќе ги плати Република Македонија, се разбира, на чело со тој кој што ја создава Владата. Ваквите сметки веќе доаѓаат во нашата држава, за жал, тие сметки ќе ги платиме сите ние. Велам, затоа што, господине Груевски, зборуваше за можниот кандидат кој што е предложен од еден политички субјект во моментот кој што е половичен и не со целосна легитимност за да зборува и во името на партијата која што го предлага кандидатот. Сакам навистина во името на парламентарната група ДУИ и пратениците на ПДП да веруваме дека предложениот кандидат професионално е подготвен добро за својата функција. Исто така сакаме да верувам дека дошло време да се предлагаат за министри чесни луѓе, политичари кои не лажат, не ја лажат јавноста, така што ништо немаме никакви забелешки што се однесува до кандидатот, туку имаме забелешки како е дојдено до кандидатурата. Јас ќе речам дека тој кој го направи предлогот, навистина го изгуби патот во рамките на својот двор, во рамките на својот субјект, а тој што ја прифати кандидатурата исто така го има изгубено својот пат до својот двор и се разбира политичката сметка ќе ја плати господинот Груевски. Велам, за жал, повторно, затоа што тие сметки ќе ги платиме и ние како дел се разбира од опозицијата иако во тие одлуки ние немаме никаква одговорност. Да предложиш банџанак за министер и да речеш дека тоа не е непотизам, тоа може да се случи само на господин Абдулади Вејсели и на господин Груевски, кој што исто така за време на конституирањето на Владата непотизмот не само што не се бореше против него, туку го помогна. Непотизмот е многу нагласен во оваа Влада. Ова го велам затоа што ние донесовме еден закон за судир на интереси. И се поставува прашањето дали со ваквите предлози немаме конфликтни интереси, судир на интереси. Без оглед дали доаѓа од страна на премиерот или пак од страна на оној кој што го предложил на премиерот овој предлог,овој кандидат. Така што, ние како парламентарна група од причините кои ги набројав нема да ја подржиме кандидатурата која што ни е понудена, не поради тоа што кој е предложен, затоа што треба да се направи една разлика. За жал, уште еднаш ќе потенцирам, за Албанците е голема несреќа, еве, уште еден половичен политички субјект ја прифаќа позицијата на вазалитет да го прекрши тоа што е сфето, а тоа е гласот на електоратот кој што го избрал тука. Ви благодарам многу.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Абдулади Вејсели.

Повелете господине Вејсели вашата реплика од три минути.

**Абдулади Вејсели:** Првенствено има измена во парламентарната група и Партијата на демократски просперитет. За поздравување е ова што го направи Владата на Република Македонија затоа што во прв ред ова е позитивен чекор од страна на Демократската унија за интеграција.

Второ, членството и структурата на ПДП да се заблагодарат за пофалбите што ги направи на можниот кандидат за министер и тоа што го говори за ПДП како половична партија тоа е желба на ДУИ, затоа што таа сакаше на подолго време да ја потцени, да ја игнорира ПДП, која партија многу и помогна во победата на изборите од 5 јули. Заради соработката на ДУИ и ПДП успеавме да го достигнеме полека потребниот број или значителен број на Албанците во Република Македонија.

Меѓутоа, господине Рафис Алити, денес треба да знаете дека ПДП и нејзините структури не ја подржуваат игнорирачката и потценувачката и деградирачка политика на ДУИ и таа денес е дел од Владата на Република Македонија со сите свои симпатизери што ги има. А, за тоа кој и како ќе се види во иднина.

Друго прашање е за кое што вие правите рамнотежа и за тоа кој го предложи кандидатот и како го предложи, го предложија структурите на ПДП.

Второ, јас само сакам да ве потсетам дека за непотизмот не можете да говорите вие кои што го промовиравте за прв пат непотизмот на Република Македонија со вашето доаѓање на власт, почнувајќи од Али Ахмети, Фазли Велију, Муса Џафери и Фатмир Дехари, Рафис Алити, Агим Фазлиу, Ризван Сулејмани, доколку сакате можеме да ви спомнуваме уште кои семејно имате форма на фамилијаризам на раководењето со ДУИ и со кои можевте да

манипулирате со членството и граѓаните во целост. Граѓанството Албанци во Република Македонија во име на една голема величенствена идеа за која што се converted бореа сите Албанци, меѓутоа, лагата има кратки нозе. Понекогаш кога ќе почне фазата на деградација луѓето се засрамуваат. Затоа, јас би сакал да ви кажам повеќе, меѓутоа, ќе ви кажам само една реченица, би го молел господ, голем боже, унапредиги луѓето, кои што не се унапредени. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпдине Алити, повелете со својата контрареплика една минута.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Нема да го молам господ, бидејќи господ не им помогнал навреме и нема што да му помогне на претходниот дискутан што се однесува до поздравите до Владата, сакам да го потсетам господинот Вејсели, дека јас ги поздравив претставниците на Владата, не ја поздравив Владата, бидејќи оваа Влада и понатаму ќе остане нелегитимна за Албанците, додека за кандидатот не кажат ништо верувам дека човекот кој што го предлага има добра биографија и поради тоа не сакав ништо да кажам.

Што се однесува до структурите до ПДП вие добро знаете каде се тие структури на ПДП. Вие заминавте само како личност како индивидуа. Тоа е ваш проблем. Ја донесовте партијата до какво такво дереџе, до такво скалило, но тоа вас ви останува на вашата свест и совест. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Трајанов, повелете со својата реплика од три минути.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас сакам накусо да реплицирам на господинот Рафис Алити, кој меѓу другото кажа дека Албанскиот народ е спречен да избира. Мислам дека согласно Уставот на Република Македонија, законите, а и досегашната пракса е сосема јасно дека граѓаните на Република Македонија, без разлика на етничката припадност имаат право да бираат и да бидат бирани.

Инаку, јас во принцип сум против тоа политичките партии да ги делат граѓаните по етнички принцип, што на крајот на краиштата го загрозува единството во државата, но го загрозува и унитарниот карактер на нашата држава, а сите тие заложби дејствуваат дезинтегративно во нашта држава.

Мислам дека согласно Уставот на Република Македонија е многу јасно дека партијата или партиите што освоиле мнозинство на гласови, мнозинство на пратеници, тие ја формираат Владата. Овој случај во формирањето на Владата, покрај ВМРО-ДПМНЕ учествуваат голем број на други политички партии, до сега една, а од сега две партии, како што ги нарече господинот Рафис Алити, од албанскито политички блок.

Мислам дека целокупната процедура согласно Уставот на Република Македонија и позитивните законски прописи што значи нема никакво кршење на Уставот или на определбата на граѓаните во Република Македонија.

Сосема е јасно дека согласно Охридскиот договор направени се уставни промени, законски промени и такви решенија за кои се залага господинот Рафис Алити не постојат и мислам дека треба да се држиме на она што значи активни уставни решенија и на тој начин мислам дека сите ќе придонесме кон градење на европската перспектива и перспективата за полноправно членство во НАТО. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Алити со својата контра реплика од една минута.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Многу кусо ќе му одговорам на господинот Павле Трајанов. И власта на Милошевиќ на Косово беше легална, но не беше легитимна. Токму поради тоа таа власт заврши како што заврши, така што не сакам да направам таква споредба кога не се почитува елементарното право на еден граѓанин, на еден гласач Албанец во овој случај во Република Македонија, најпрвин да разговараме со мандатарот Груевски, а потоа со мнозинството. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине потпретседателе со вашата реплика од три минути.

**Имер Алију:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници...

(Реакција од страна на пратениците зошто се јавува за збор).

Имам право, бидејќи премиерот не е тука, имам право да го заменувам.

Веројатно претходниот дискутант мисли дека ние чувствуваме потреба тој да не поздрави. Да не се лаже, ние воопштоне чувствуваме потреба тој да не поздрави нас како Влада. Од друга страна тој и неговите сопартијци цело време се повикуваа на легитимитет. Се повикуваат на Албанците. Тие воопшто немаат право да се повикуваат на Албанците и на легитимитетот, сите ние добро знаеме како тие ги "добија" тие гласови со кои станаа пратеници. И господинот што зборуваше и тие што седат до него добро знаат како ги добија гласовите во Кичево, Зајас, во неговото родно место, во другите планински села  во Тетово, Чаир и секаде.

Мислам дека извештаите на ОБСЕ и другите организации што ги следеа тие избори многу јасно нагласија каков беше изборниот процес на парламентарните избори во 2006 година.

Мислам дека е крајно време тие да престанат да се повикуваа на легитимитетот, а уште повеќе да се повикуваат на албанците, бидејќи самите немаат легитимитет, седат на тие места каде што седат сега со украдени гласови.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Алити со вашата контрра реплика или реплика.

**Рафис Алити:** Најпрвин претставникот на власта немаше право да добие збор, но вие му дадовте како што сте научени да правите кршење на Деловникот, нормално продолжете така.

Што се однесува до легитимитетот нема потреба да зборувам за тоа затоа што гласачите Албанци, граѓаните Албанци зборуваат за тоа.

Сега реплицирам со Груевски? Нека дојде господионот Груевски, бидејќи господинот нема време ...

**Љубиша Георгиевски:** Јас не можам да...

Господине Алити продолжете.

**Рафис Алити:** Го чекам господинот Груевски.

**Љубиша Георгиевски:** Пет минути пауза.

(Пауза од 16,01 до 16,08 часот).

(Со сдницата продолжи да раководи Бесим Догани, потпретседател на Собранието).

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места, продолжуваме со седницата.

Три минути реплика за господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Не три минути, туку минута.

Не случајно една народна поговорка вели: "Каков Парламент таква Влада", така што во едно собрание каде не се почитува деловникот, се случуваат овие нешта што ни се случуваат. Со право беше речено претходно дека оваа Влада е "детска градинка" така што нема да реплицирам понатаму.

**Бесим Догани:** Ова беше повеќе процедурално, ние ви дадовме пет минути пауза за да се исполни Деловникот и мислам дека тука немаше грешка.

Реплика за господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе, почитувани дами и господа,

Сватете го ова како реплика или како процедурална интервенција, како сакате, но ќе се држам во границите на овие три минути.

Она што ме иритира да реагирам е тоа што господинот заменик претседател настапи во името на Владата, во името на премиерот и изнесе еден свој став со кој воопшто немам намера да навлегувам во расправиите помеѓу ДПА и ДУИ, тоа е нивна работа, но, кога настапи како заменик претседател на Влада во име на премиерот, сакам да реагирам на следното:

Имено, претседателот на Владата ги оспори последните парламентарни избори во Република Македонија, односно го оспори легитимитетот на последните парламентарни избори кај нас.

Ако добро се сеќавате првиот услов по добивањето на кандидатскиот статус за членство во Европската унија беше успешно спроведени избори во Република Македонија. Ако добивме позитивна оценка од сите меѓународни институции по завршувањето на изборите, ако исполнивме еден од главните услови за добивање на датумот за преговори со ЕУ, се поставува основно прашање дали господинот премиер се согласува со она што го изрече сега неговиот заменик кој добро кажа, жал ми е што претседателот господине потпретседателе ве остави да ја водите седницата, а претседателот на Собранието тоа му го дозволи да настапи во име на премиерот и тој го оспори легитимитетот на последните избори.

Сметам дека си правиме односно тие што го прават ова, сами си скокаме во стомак. Иако не сум од тие што тоа го прават, но во овој случај мислам дека се прави голема штета за Република Македонија до колку и премиерот го премолчи ова и до колку се изнесе како став на Владата на Република Македонија дека последните парламентарни избори во Република Македонија не биле фер, не биле согласно Законот и не биле легитимни.

Затоа би го замолил премиерот на Владата на Република Македонија господинот Груевски да го изнесе ставот на Владата на Република Македонија и своето несогласување со заменик премиерот кој претходно, додека господин Груевски беше отсутен, го изнесе ставот. Ако е став на Владата тогаш тоа е сериозно прашање и за тоа да зборуваем, а ако не, премиерот во име на Владата да каже дека со тоа не се согласува. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Најдовски.

Госпоѓо Селмани вие сте за процедурално?

За реплика немате право, бидејќи не се пријавивте во моментот кога говореше замeникот. Не можете после паузата да се пријавите, знаете како е пријавувањето, за да го запазиме Деловникот и процедурата.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги, претставници на Владата на Република Македонија, господине премиер,

За десетте месеци колку што трае мандатот на Владата на Република Македонија предводена од господинот Груевски ова е, ако не се лажам, 4-та по ред персонална смена во владиниот состав. Но, ниту еднаш господине премиер не се обидовте и ние не го добивме вистинскиот одговор на што се должи вака честата промена во составот на вашата Влада.

На 26 август 2006 година токму по два дена дебатирање вие не убедивте дека ни го нудите најдобриот можен состав на Владата која ќе ја предводите вие, Владата која ќе има капацитет да ја материјализира вашата предизборна програма-Преродба во 100 чекори.

Ќе останеме покуси за фактите зошто господинот Груевски не е подготвен да проговори што се случува во владината коалиција односно во Владата на Република Македонија, што не е добар знак, што остава можност за широки шпекулации, а јас ќе се обидам да кажам зошто

за мене денес е неприфатливо Собранието на Република Македонија да го подржи предлогот на господинот Груевски за ново решение на местото министер за локална самоуправа.

Значи, фактите го говорат следното: по интерпелацијата што се случи пред неколку дена се покажа дека подршката на оваа Влада, предводена од вас господине Груевски, бележи значителен пад. Тоа е Влада, на стаклени нозе. Јас сериозно се сомневам во вашиот капацитет да ја предводите оваа Влада, со оглед на вашето однесување, кога трпите политички притисоци. Да потсетам, откако ја направивте круцијалната грешка, не го прекршивте Уставот, но направивте грешка, претпоставувам, при изборот на вашите коалициони партнери, со што лично придонесовте во Македонија да го нема, да не постои, односно да се фингира политички дијалог.

Лично сте одговорен што најголемата албанска партија ДУИ го напушти Собранието и лично сте одговорен што потоа под притисок седнавте да преговарате, токму со партијата ДУИ, токму со онаа партија која вие ветивте дека никогаш нема да седнете на иста маса. И вие тоа го направивте. Од тоа произлезе договор, недоговор, усмен или писмен, секаков, верификуван и поздравен од страна на меѓународниот фактор. И тоа е факт господине Груевски. Овие 10 месеци Македонија изгуби многу. Македонија, не доживеа планиран економски бум. Македонија ги запре сите реформи, особено судските реформи кои се предуслов за да тропнеме на европската порта. Македонија нема капацитет да се справи со најавената остра борба против криминалот и корупцијата. Она што вие го прокламирате, она за што вие трошите огромни пари на граѓаните на Република Македонија без никаков резултат, односно освен фингирани финти на политичка борба со политичките неистомисленици.

Господине Груевски, не можам да подржам ваш предлог во моменти кога вие се однесувате како премиер "пишман-аџија". Реков-нереков, дадов збор-не дадов, потпишав договор , договорот не постои, а тоа е за жал, фактот во кој се наоѓа Република Македонија. Денес не убедивате добро, дека е доблесно од страна на бившиот министер Коњановски за локалната самоуправа, што ја поднесе неотповикливата оставка до вас, која вие здушно ја прифативте, затоа што сметате дека учеството на ПДП во власта ќе ви овозможи поголема стабилност во владината коалиција.

Господине Груевски, ПДП ви обезбедува само еден пратеник повеќе во Собранието на Република Македонија и за тоа за возврат вие давате едно министерско место. Ова е рекорд за во гинис. Не можете да не убедите дека денес вие придонесувате за значителна стабилизација во владината коалиција. И денес над секоја глава во Македонија стои како "Дамоклов меч" кога ќе се случи повторната владина криза. Кога некој од вашите коалициони партнери ќе пројави нова желба за нов ресор. Претпоставувам дека и вие тогаш од страв да не ги загубите вашите позиции, повторно ќе правите отстапки на штета на државните интереси.

Министерството за локалната самоуправа велите е мошне важен сегмент, како орган на државна управа во чија надлежност се разбира, е развојот на единиците на локалната самоуправа. Пред нас е имплементација на законот за рамномерен регионален развој. Пред очи ни е втората фаза од децентрализацијата.

Лично, не сум убедена дека вие го исполнувате оној услов што Коњановски го навел во мошне емотивната оставка до вас, каде што вели дека вам би ви бил многу важен и приоритетен процесот на дрцентрализација во Република Македонија. Се сомневам во ова господине Груевски, со оглед на биографијата која ја читам на вашиот предлог за нов министер на локалната самоуправа. Јас нема да ги коментирам, претпоставувам дека е техничка грешка, околу годините кога господинот завршил Природно-математички факултет во Приштина на одсекот хемија. Нема во оваа биографија какво искуство поседува господинот Мемети, за да може да води еден мошне важен сегмент во вашата Влада. Значи, и овде стои фактот дека вие немате вистинска намера да го продолжите процесот на децентрализација, процес кој Европската унија ни го има наметнато како приоритет, односно комплетно децентрализирање на власта од централно на локално ниво. И какво решение ви е ова господине Груевски кога вие не можевте повеќе од 45 секунди да ни образложите зошто во овој момент сметате дека господинот Мемети е токму најдоброто решение кој ќе може да одговори на вака сложени и обемни задачи, кои се наоѓаат во ресорот во Министерството за локалната самоуправа.

И дозволете уште еднаш да се навратам на досегашниот министер, господинот Зоран Коњановски кој е мој сограѓанин, доаѓа од Битола. За жал, смената на господинот Коњановски покажува, го проектира вашиот личен однос кон Битола, како втор по големина град во Република Македонија. За жал, сменатана Коњановски е само во функција на вашите дневнополитички потреби на Владата на ДПМНЕ која ја предводите вие.

Зоран Коњановски понуди оставка. Зошто господине Груевски секогаш кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт, битолското политичко лоби, без оглед за која политичка опција се работи губи, бидејќи единствено Коњановски обезбедуваше каква таква реална политичка моќ во вашата Влада, а потекнуваше од Битола. И не сакам да чујам дека сега ќе ми кажете дека од Битола имаме и вицепремиер. Вицепремиер кому му дозволивте и има ингеренции колку и англиската кралица. Значи, предводи измислен сектор, задолжен и за земјоделие и за образование. Никаква реална политичка моќ. Не сакам ни да ми го понудите името на господинот Иво Ивановски, бидејќи повторно ваша лична одговорност е, кога видовте

дека не можете да обезбедите двотретинско мнозинство, па не го ставивте новото Министерството за информатичко општество, туку го назначивте за министер без ресор. Сериозно се сомневам дека господинот Иво Ивановски, по мошне скорашното фијаско на вашиот проект, Македонија земја на информатичари, ќе ви биде новото "жртвено јагне". Вам, при секој ваш евидентен политички неуспех ви треба "жртвено јагне". Првиот пат беше тоа господинот Илиријан Бекири, министерот за култура. Не сакам да верувам, но знам дека вториот пат ќе биде господинот Иво Ивановски.

Ова беа фактите, кои ми се чини дека секој ден стануваат се појасни во Република Македонија. Вие си играте играчки господине Груевски со составот на македонската Влада. Само за 10 месеци 4 пати ја менувате Владата, наместо да седнете и да понудите вистинска реконструкција, да најдете вистински професионалци, кои ќе умеат да се постават над политичките интереси и убедувања и да работат во корист на граѓаните на Република Македонија, бидејќи токму за тоа и го добивте мандатот. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господиот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам почитувани колеги пратеници, можеби во овој момент и во оваа политичка ситуација јас и мојот колега Блерим Беџети, како членови на Паритјата за демократски просперитет, горе-долу сме најповикани да коментираме, да даваме сугеситии, политички ставови, визави ПДП и оваа Влада. Не сакам да поценувам никого, не сум според природата таков, меѓутоа, најмалку кандидатот за министер, иако имаме сознанија и информации дека се говори за благороден човек, човек кој што никогаш не бил вмешан во политиката, или пак извалкан политички, меѓутоа од друга страна, за жал, за едно лице кое што нема лошо минато да се инволвира во нечисти политички игри, е доста индикативно.

Често пати се поставува прашањето зошто се прави проширување на оваа Влада. Дали се сака да се прави пораз или намалување на кредибилитетот на ова Влада. Се поставува и друго прашање. Зошто, оваа владина гарнитура не настојува, не се обидува да ги надмине сите фрустрации, да ги надмине сите заострени меѓуетнички односи за надминување на заострените политички односно меѓу Владата и албанското мнозинство во Парламентот. Зошто не се занимаваме на непосреден начин, директен начин со реформите кои што ги бараат Европската унија, или разните меѓународни институции. Зошто не седнеме и разговараме за унификација на политичките ставови на Република Македонија за името, визави Грција, туку се занимаваме со работи кои што се во сенка, кои што се секундарни и терцијални.

Се поставува, исто така едно големо прашање. Зарем, во ова парламентарно мнозинство и оваа Влада, зарем нема соло пратеници на политичките партии, на кои што можеби им припаѓало местото министер, или заменик министер. Според информациите имаат само заменик министер. Зошто една албанска партија, вие пред малку во вашето образложение се говори за една стара политичка партија, што не е спорно.

Исто така, рековте дека доби неколку пратеници. Мислам дека имате дотолку познавање по матетматика. Резултатот во спортот е 2 спрема 1. Каде е кредибилноста на тоа гласачко тело на ПДП во сегашниот момент.

Исто така, се поставува прашањето кога не е продолжение на политичките активности во насока на ослабувањето на албанското тесто на парламентарното мнозинство во Собранието. Дали можеби тоа е антиграѓанска политика со албанска етничка припадност. Дали мислите дека ние тука, Собранието на Република Македонија не е под меѓународен мониториг? И не се забележува и не се слуша и гледа што се говори, што се работи.

Новиот член на оваа Влада претставува сигнал за тоа како неформална политичка формација се става во служба на оштетување на вредностите, националните, културолошките, политичките, исто така и историските вредности. Тука треба да се размисли и да се анализира. Кога некој човек ја врши должноста премиер, јас мислам дека треба да биде рамноправен со сите граѓани на Република Македонија. Не за некого мајка, а за некого маќеа. Јас мислам дека овие чекори во оваа насока, кои што се не толку вредни и важни политички чекори. Треба да се оди кон подобрување на состојбата, на стандардот на социјалната позиција, на невработеноста на граѓаните на Република Македонија, а ние се занимаваме со работи кои што не водат на долго и на широко во насока на една провалија, со многу малку светло. Зарем ние тука не сме сведоци, не сме случајни сведоци дека Република Македонија од 2002 година, да не кажам уште 2001 година е сосема поинаква држава. Јас би апелирал до оние кои имаат политичка одговорност во Република Македонија да не ги враќаат процесите наназад. Да не се провоцира, да ја видат иднината на Република Македонија како држава на сите рамноправни граѓани во Република Македонија. Да не се поценува волјата и желбата на вториот дел на граѓани на Република Македонија. Втор дел по мнозинство, како што се Албанците, туку реално да се согледа политиката.

Се поставува прашањето каде е моралот и човечкиот и политичкиот карактер на оние кои што го предлагаат и оние што го гласаат.

Јас по професија сум историчар. Често пати сум спомнувал, исто така го спомнувам и македонскиот дел, без оглед дали се пратеници, или пак, надвор од Парламентот, луѓе, експерти и научници. Секогаш биле обвинувани, казнувани, можеби и жртвувани, луѓе кои што го

искривоколчувале историското минато. Денес, историјата суди. Многу добро ги знаете движењата што сте ги имале во Внатрешната македонска организација. Исто така, и во албанското национално движење имало луѓе кои што во овој момент, споредувајќи ги политичките движења албански во Македонија, горе-долу се идентични. Историјата ќе ги осуди, ќе ги казни сите оние кои што се удират во гради дека имаат кредибилиетет, дека ја имаат и волјата на населението кон ПДП, како што се сите сведоци во средствата за информации и структури од политички организации го подржуваат ставот на двајцата пратеници на ПДП за вистинскиот правилен став кој што сака национална, политичка рамноправност на Албанците во Република Македонија. Не сакам да ги засегнам и елементите на непотизам, затоа што се спомна таа работа. Кога ќе се спомне и ќе се говори во име на ПДП, навистина треба да се застане и секој да размисли. Не сакам да спомнувам тука имиња, меѓутоа, кредибилитетот и политичкиот став многу добро го покажав и бројките добро кажуваат дека се работи за два спрема еден, а не за еден, два. Мислам дека со овие работи, со овие движења, со овие салта што се прават од овој дел на Владата и од парламентарното мнозинство, мислам дека еднаш за секогаш треба тоа да се надмине. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам колега Незири.

Реплика има господи Гарип Каба, повелете.

**Гарип Каба:** Почитувани пратеници, во прв ред ја користам оваа прилика да му честитам на идниот министер за локалната самоуправа, кој што ќе биде избран денеска. Добра работа и успех во неговата професија, во неговата функција. Што се однесува до дискусијата на господинот Сафет сакам да му дадам една мала кратка реплика. Ќе се обидам да бидам навистина, содржински пократок во оваа реплика. Мислам дека Сафет и Беџети како двајца пратеници, кои што се од левата страна, што значи се уште се со ДУИ, се разбира и се забележува меѓу редови дека многу брзо ќе дојде денот, тие бидејќи имаат дилеми да останат и натаму со ДУИ.

Јас ја користам оваа прилика господине Сафет и господине Блерим Беџети, кои што зборуваат во името на ПДП како мнозинство, како двајца пратеници да се вратат во своето гнездо што ги избраа и што станаа пратеници.

Ја користам оваа можност на господинот Вејсели, претседател на Партијата за демократски просперитет од другарски, но и партиски аспект, сакам да го поканам двајцата пратеници кои се исклучени од ПДП со Одлука на Централното претседателство уште еднаш да ја разгледаат ситуацијата што побрзо. Мислам е многу ригорозна, да ја повлечат одлуката за исклучување од партијата ПДП, затоа што ценам дека Одлуката е навистина многу тешка. Да се остави простор двајцата пратеници кои во моментов делуваат како што мислат, да им се создаде простор да бидат во Парламентот барем независни и што побрзо да ја разберат ситуација, бидејќи гласачкото албанско тело што ги избра е критично од ден на ден и се чувствуваат навредени. Но, многу брзо ќе разберат дека се во агонија. Со тоа ќе ја завршам оваа реплика. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика од една минута господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам господине Гарип Каба. Вие се портпарол на ДПА. Ви го честитам новото место. Но, овие сугестии добро ќе беше да ги задржите за вашите пратеници кои не се присутни тука. Многу добро знаете за кои пратеници зборувам.

Моето гнездо е народот. Мојот електорат и мојата изборна единица. Доколку мислите дека нема место никаде, тогаш повелете со мене од Преспа до Липково, до Куманово да прошетаме заедно и кому повеќе ќе му биде исплукано лицето, мене или на некој друг од мојата лева страна.

Не сакам повеќе да коментирам, правете колку сакате апел до било кого, меѓутоа апелите ви се на погрешна адреса. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Збор има пратеникот Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам посподине потпретседател.

На господинот Груевски кој е во големи заблуди, иако е магистер по економски науки, иако сум убеден длабоко дека и тој знае дека е така, дека денеска ПДП нема предложено кандидат за министер за локална самоуправа, но се преправа и се крие позади тоа што е во политичка институционална кризи и тој и Република Македонија и уште повеќе создава алиби за својот неуспех, односно својата преродба во 100 или 101 чекор, колку беше. Но, деновите и месеците ќе поминат исто така и ќе се разбере дали ПДП ќе биде во Владата и уште еден пратеник господине Груевски ќе биде дел од парламентарното мнозинство.

Таа е прва политичка партија на Албанците, има добри кадри. Јас од тука и така има навистина добри кадри ПДП, ќе ве потсетам дека единствени претседатели на општини на кои им беа одземени ингеренциите, тоа е господинот Кенан Алиу претседателот на општина избран од редовите на ПДП од вашиот министер, од вашиот владин кабинет.

(Дофрлање од место)

Подоцна Гарип, нема проблем.

Вие сте во спротивност, но за жал во неможност да се соочите со реалноста на неуспесите, вие продолжувате господине Груевски со малцинството да држите Влада, а никако да имате просперитет или унапредување, тоа што сте го ветиле на граѓаните. Јас сум длабоко убеден дека доколку помине овој предлог, нема ништо да се промени. Нема да ви помогне во вашата математика, како што кажа претходно, во трчањето кон Бадинтер.

Вие требаше да бидете свесни дека е тешко само со многу голема волја може Македонија да излезе од оваа криза, иако има една политичка спогодба во согласност со нашата заедничка агенда ДУИ-ПДП што ја предложивме за разговори. Добро е што надвладеа оправданоста и здравиот разум да се постигне. Сакам да ви сугерирам дека многу повеќе да се задржите на излез на државата од оваа политичка криза, отколку со вашите цик-цак, можеби треба да ги слушнете советите од вашиот заменик, а не обрнувате внимание на она што го говорам јас. Можеби и нему му треба асистент.

**Бесим Догани:** Повелете господине Незири.

**Сафет Незири:** За него би било добро да ја поправи грешката и да се занимава со тоа што го ветил и за што добил мандат, да ги испочитува и волјите на другите етникуми, бидејќи од утре, за Македонија, за нејзините граѓани, без разлика на етникумите на кои припаѓаат, нема да биде ништо подобро.

Заради вистинска информираност на јавноста би било добро да излезе и да прифати дека на парламентарното мнозинство се припојува уште еден пратеник и ништо не решил во однос на 100 денови, преродбата и онака како што сте започнале, загрижени сме декаќе успеете, бидејќи со еден пратеник, со еден министер ќе дојдете до 119. Тоа можеби ќе биде најголемиот рекорд што го нема во светот. Сепак да се концентрирате на основните, на есенцијалните разрешувања на проблемите во Република Македонија. Тоа треба да биде ваша задача. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има реплика претеникот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине потпретседател.

Почитувани пратеници, почитуван премиер, госпoда министри,

Немав намера да реплицирам, посебно не на господинот Блерим, меѓута малку ми го засегна Желино. Јас сум алергичен и морам да реагирам во таа насока. Кога сакаше да го потсени министерот за образование, господинот Сулејман Рушити и да каже дека тој треба да ги врати ингеренциите на градоначалникот на општина Желино. Затоа што од конотацијата на неговиот говор забележав сомнеж дека оваа општина ќе оди наназад, според него, затоа што се одземени ингеренциите на градоначалникот на општина Желино.

Меѓутоа, господине Блерим да знаеше дека тој министер во оваа општина, во првиот свој план како министер во текот на 2007 и 2008 година има испланирано да изгради основно училиште во село Мерво, основно училиште во село Ново Село, спортски сали во Желино, во Групчин и во Стремница. Токму тој министер во овие училишта за тие ученици, каде што со компјутери за жал сеуште не се сретнале, ќе обезбеди компјутери, наутро ученикот да го вклучи компјутерот и да види што се случува на другиот крај на светот.

Тоа значи дека оваа Влада, овој министер, ова парламентарно мнозинство размислува правилно и знае кому, на кој начин и во кое време ќе ги врати надлежностите, ингеренциите. Меѓутоа, доколку има потреба, нема ниту да ги врати воопшто ингеренциите, доколку таквите типови се како вас. Ние, во таа насока сме ги решиле сите проблеми. Да даде господ да ги решиме уште подобро.

Меѓутоа, мене ме загрижува вашиот сомнеж, а покажувате големина со тоа што како вие да сте единствениот претставник на Албанскиот народ, меѓутоа нема да говорам за тоа, бидејќи за тоа треба повеќе време.

Но, ќе кажам нешто. Денеска, на премиерот му рековте магистер. Тој е магистер, но јас ќе ве пофалам вас кој сте професор, доктор за разузнување и контра разузнување. Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика од една минута пратеникот Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети:** Навистина ќе ти реплицирам меѓутоа не успеав да разберам што сакаш да кажеш. По се изгледа не ви е јасно колку за Македонија е значајна децентрализацијата. Вие немате предвид ниту еден предуслов, сите закони, подзаконски акти, не можете да одговорите како може да се одземат компетенциите на еден претседател на општина. Тоа не личи на една демократска цивилизирана држава.

Би ве замолил вие да се задржите, бидејќи рековте дека јас сум професор, доктор за разузнавање и контраразузнавање, тогаш ве молам унапредете го вашиот син во полицијата, тој повеќе да ви помогне, бидејќи ан форти во случајов и обидете се сепак да работите малку повеќе и за граѓаните на општина Желино. Навистина, жал ми е што велите дека сте пратеник на парламентарното мнозинство. Ако е тоа така, тогаш е тоа трагедија за ова општество, без разлика дали станува збор за граѓаните во Желино или Струмица.

**Бесим Догани:** Има збор пратеник Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе,

Почитуван претседател на Владата на Република Македонија, почитувани министри,

Дами и господа пратеници,

Бидејќи имаме точка на дневен ред избор на нов министер за локална самоуправа, ценам за потребно мојата дискусија да ја насочам главно на две прашања, односно суштински сфери.

Прво, ќе се осврнам на дел што е најтесно поврзан со актуелните состојби во локалната самоуправа, бидејќи тоа ќе биде суштински предизвик на новиот министер за локална самоуправа, односно на новиот министер кој се бира.

Почитувани колеги,

Секој може да има најразлични оценки за тоа каква е локалната самоуправа и локалната

демократија во Република Македонија. Меѓутоа, најважна и најточна е оценката што доаѓа токму од оние кои се релевантни да ја дадат оценката за нас. Токму тоа е поводот или ајде да кажам нешто за последниот Извештај на Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа одржан пред околу 20 дена во Стразбург. На таа сесија разгледувана е и состојбата со локалната самоуправа и локалната демократија во Република Македонија.

Да потсетам само дека Република Македонија, Европската повелба за локала самоуправа ја потпиша и ратификува, значи ја има како обврска за примена од 1 октомври 1997 година. Морам да признам дека не доаѓаа позитивни сигнали или позитивни оценки од Конгресот за локални и регионални власти од Стразбург се до 2004 година, веднаш по носењето пакет на закони за децентрализација на власта, кога всушност се донесе и детален план за трансфер на надлежностите, со што имаше и попис на установи, вработени, имот, утврдени рокови и други потребни детали. Токму тогаш дојдоа, во 2004 односно во 2005 година првите позитивни оценки за локалната самоуправа во Република Македонија. Затоа го потенцирам ова бидејќи тоа го потенцира, го кажа Конгресот во 2005 година.

Наместо да се поддржи и поттикне тој прогрес, тој процес и потреба и по потреба, се разбира, да се корегира, веднаш по изборите работите во Република Македонија почнаа да се мешаат. Се сеќавате, се разрешуваа директори на училишта, театри и музеи, се одземаа цели надлежности во делот на образованието, урбанизмот, културата итн.

Но, да не должам многу, да кажам што е последно кажано од истиот тој Конгрес, односно препорачано до нашата Влада, до Владата на Република Македонија во оваа 2007 година. Ќе потенцирам само неколку моменти.

1. Централната власт да пристапи кон процес на делегирање на надлежности на општините, да овозможи стекнување дополнителни ресурси. Од проста причина што во моментов, екстра надлежностите пренесени на општините, сеуште се релативно лимитирани.

2. Централните власти да се осигураат дека новите аранжмани за анализа на финансиите и менаџирањето на локално ниво се применуваат континуирано, за да не се реконструира ситуацијата во која локалните менаџери се зависни од централната власт, што директно би довело до рецентрализација.

3. Да го преземе процесот на делегирање на надлежности и да обезбеди дополнителни ресурси за локалните самоуправи во Република Македонија.

4. Да се зголемат средствата на локалната власт во вкупни јавни средства на просечно до 16%, односно 8% од БДП. Впрочем, Конгресот на локални и регионални власти во својот последен извештај го повтори тоа што дел од опозицијата го бараше овде во Собранието, кога носевме дел од законите за локалната самоуправа.

И, да не должам многу, да го спомнам само, можеби, најголемиот срам за Република Македонија што е содржан, ми се чини во Препораката 19, а ќе ја цитирам:

"Се повикува Владата на Република Македонија да определи, да назначи свој претставник во Конкресот, да подготви извештај и да ги презентира во Стразбург сите мерки што сте ги презеле за спроведување на овие препораки" и, внимавајте, "тоа да биде направено во разумен рок". Тоа го вели Конгресот за локални и регионални власти.

Ценам дека е сосема доволно само во овие неколку препораки што ги цитирав, 5, да се види, инаку се 20-тина, да се види до каде стигнало, поточно зошто се закочил процесот на децентрализација на власта во Република Македонија.

Почитувани колеги,

За малку ќе заборавев, но битно е и затоа ќе се навратам и ќе потенцирам само еден момент што сериозно го проблематизира европскиот имиџ на Република Македонија, кога е во прашање локалната самоуправа, а тоа е повторно заслуга на доскорешиот или првиот министер господинот Коњановски.

Имено, додека Конгресот разговарал и расправал за тоа што се случува со локалната самоуправа и локалната демократија во Република Македонија, нашиот министер со 25 члена делегација ги трошеше европските пари во туристичка прошетка низ Париз. Мислам дека после овој пример не треба ништо друго да се каже, освен дека го поздравувам чинот на поднесување на оставка, не навлегувајќи во вистинските мотиви зошто е тоа направено. Ако за ништо друго, тогаш заради убедувањето, а тоа убедување е кај најголем број на познавачи на оваа материја, дека можеби господинот Коњановски беше еден од полошите министри кои досега ги имала Република Македонија.

Почитувани колеги, за мене како пратеник кој има одредно искуство во локалната самоуправа, прашањата што задираат директно или индиректно во оваа сфера, секогаш имале и ќе имаат значење, големо значење и голема суштина. Затоа сакав да земам збор, затоа што знам дека локалната самоуправа е процес, кој во моментот кој и да го кочи или да го турка напред, кој и да генерира проблеми, во суштина има два крупни настани. Првиот настан е децентрализацијата на власта е процес континуиран, а вториот дел се разбира е фискалната децентрализација која според мое длабоко убедување досегашниот министер сериозно ја закочи и мислам дека на 1 јули годинава, значи за десетина дена кога треба да стартува тој процес, имајќи го предвид сето она што досега беше сработено, се плашам дека тој старт може да биде само теоретски. Стартот на фискалната децентрализација ценам дека ќе

изнесе многу факти за фистинските состојби во оваа сфера. Претпоставувам дека повторно ќе се соочиме со нови тајминзи и фази, меѓутоа, искрено се надевам и жалам што немам аргументи да ја поткрепам таа надеж дека нема и во делот на фискалната децентрализација работите да се закочат како во многу други сфери. Како и да е, процесот на локалната самоуправа во Република Македонија е силно отпочнат и единствено може навистина да се кочи, меѓутоа, само моментално. Мислам дека ќе направиме се тоа да се откочи и да биде онака како што треба.

Во ситуација кога се избира нов министер за локална самоуправа, во ситуација кога состојбите се такви какви што ги споменав, јас навистина морам да ја изразам мојата загриженост, не сакам да кажам дека сум голем скептик во една работа, го прочитав сивито на господинот Мемети Абдураман и со сиот респект кон неговата личност, неговото досегашно професионално искуство, се прашувам дали е свесен колку е суптилна, колку е комплексна, колку е важна локалната самоуправа и дали е реално свесен што значи предизвикот наречен децентрализација на власта и фискалната децентрализација во Република Македонија. Искрено мислам дека неговото досегашно работно искуство во образованието го прави покомпетентен како кандидат за министер за образование на пример отколку за локална самоуправа, која мора сите да признаеме дека претпоставува некакво минимално искуство, што во случајов на господинот Мемети сепак мислам дека е хендикеп.

Без разлика на се, добро е за Република Македонија и за локалната самоуправа во Република Македонија тој да се снајде многу подобро од неговиот претходник и да ги откочи закочените процеси за децентрализација на власта во Република Македонија, кои имавме прилика да ги видиме во изминатите година дена или 9 месеци, сосема седно, и очекувам да и ја врати заслужената шанса на децентрализацијата во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Има збор пратеник господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседател на Собранието.

Почитувани пратеници, почитуван премиер и претставници на Владата,

Денес премиерот предлага реконструкција на Владата, замена на министрите за локална самоуправа. Досегашниот министер господинот Коњановски, кој исклучително лично го почитувам, поднесе една неотповиклива оставка. Таа оставка ни е приложена како материјал во овој допис од Владата на господинот Груевски, со кој ја предлага денешната реконструкција и денешната точка на дневниот ред. Не знам зошто во биографијата на господинот министер Мемети од ПДП, кој треба да го замени господинот Коњановски и помеѓу неотповикливата оставка на досегашниот министер стои еден празен лист бела хартија. Дали е тоа некоја техничка грешка или некоја црна дупка на Владата, не знам, меѓутоа, ќе го прокоментирам она што го пишува во оставката како иницијален чин за оваа реконструкција. Според мене, гледајќи го текстот на оваа оставка, ми личи пред се како маркетиншки потег за потребите на премиерот и на Владата, еден маневар со кој со понизност се говори кон премиерот и Владата, со додворување и пиетет кон неговото височество премиерот. Тоа можам да го заклучам од текстот, од дикцијата и содржината на оваа неотповиклива оставка. Се разбира, како што е ред, господинот Коњановски на почетокот се заблагодарува лично до премиерот дека директно покажал како тој и неговата Влада им се битни и приоритетни процесите на децентрализација во Република Македонија. Сега мислам дека од она што го видовме во праксата, од политиката на Владата произлегува токму спротивно од напишаното во содржината на оставката, односно праксата покажа дека процесот на децентрализација на Владата не и е врвен приоритет, ниту пак на премиерот лично, туку еден од последните приоритети. Имено, за да го потрепам ова, ќе го кажам следното.

Пред неколку недели во Собранието имавме на дневен ред Закон за рамномерен регионален развој, со кој Владата и премиерот директно имаа можност да покаже колку им е битна децентрализацијата како што вели господинот Коњановски, на која како врвен приоритет од програмата на Владата, вредно и напорно работеле. Со тој закон, на кој пратениците на опозицијата на СДСМ имаа безброј забелешки кои генерално се однесуваа на тоа дека централизацијата всушност оваа Влада ја уназади, започнатите процеси ги стопира и всушност директно направи рецентрализација, со тоа што Владата и премиерот за себе си приграбија еден голем дел од надлежностите и ингеренциите на локалната самоуправа, што се разбира не е во тренд со заложбите на Владата за реформи во локалната самоуправа. Тоа е првиот и вториот пасус од оставката на господинот Коњановски.

Понатаму исто така се надоврзува дека тоа бил, замислете, не само еден од најголемите приоритети на оваа Влада за децентрализацијата, туку и европски приоритет, на европската агенда како една од најголемите европски вредности. Не знам дека европска вредност претставува концентрација на моќ и одземање на ингеренциите од локалната самоуправа од градоначалниците за Владата и премиерот. Ако е тоа европска вредност, тогаш навистина Македонија требаше одамна со оваа Влада да биде во Европа.

Понатаму, господинот Коњановски во неговата оставка наведува дека овие моменти кога Република Македонија, внимавајте, се наоѓа на самиот праг за влез во Европската унија, дека тој

е сигурен дека новиот партнер ПДП ќе придонесе за поголема стабилност на оваа Влада итн. Камо среќа, почитуван премиер, министерот Коњановски да ја поднесуваше оваа неотповиклива оставка кога Република Македонија е на самиот праг на влез во Европската унија и кога се завршени реформите во децентрализацијата, да се надоврзам на претходно кажаното.

Да ве потсетам, и господинот Коњановски кој со розови очила веројатно ја пишуал оваа оставка, додворувајќи се на неговиот премиер за можеби некоја идна функција понатаму, дека тој толку многу сработил посебно во децентрализацијата како европска вредност и врвен приоритет на Владата, што веќе проценката му е дека сме на самиот праг за влез во Европската унија, кај и да е, што вика премиерот, ќе биде. Значи не знам сега кој лаже овде и какви се нозете, дали се кратки, долги, на лагата, меѓутоа, да ве потсетам дека Република Македонија сеуште го нема добиено датумот за почнување на преговорите за членство во Европската унија благодарение на оваа Влада. Се разбира, пред изборите тоа беше многу поизвесно дека ќе се случи, благодарение на политиката на оваа Влада и овие процеси се забавени и сеуште не е ниту во најава, ниту самата Влада може да предвиди кога ќе го добие датумот за почеток на преговорите, а камо ли колку ќе траат преговорите, а камо ли дека сме биле на самиот праг за влез во Европската унија. Се разбира, ќе ни биде драго доколку е навистина така и ќе дадеме се од себе, ако треба и ќе ја прифатиме оваа оставка, ако треба и ќе го изгласаме новиот министер за локална самоуправа, само побрзо оваа Влада да не донесе на прагот на влезот во Европската унија.

Ве слушам господине потпретседател, значи не сте во право, оставката не е само за констатирање, ако сте мислеле така, немаше да ја приложите во материјалот како дневен ред за седницата и јас имам легитимно право да дискутирам по неа.

**Иван Анастасовски:** Продолжете, продолжете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Мислев да не имавте намера да ме прекинете.

Понатаму, господинот Коњановски во оставката наведува дека бил дел од една министерска екипа која во овие 10 месеци имала исклучително сложена задача, и покрај тоа што деноноќно работеле на реализација на она што го ветиле на граѓаните, работеле и на исправување на искривената слика на политичарот и во тоа успеале. Навистина и успеале да докажат дека не се сите исти. Навистина, ако деноноќно, толку деноноќно работеле, премиерот викаше 15 часа, министерот веројатно и повеќе од тоа работел, нон стоп веројатно, тогаш нека одговори премиерот како предлагач на оваа реконструкција што е резултат на тоа деноноќно работење. И што е подобро во Република Македонија, како резултат на вешето владеење, вашите политики, како резултат на спроведувањето или не спроведувањето на вашата програма и кој живее подобро како резултат на вашето деноноќно работење во Република Македонија. Сакате да ги елаборираме сите области во Република Македонија? Дали имаме повеќе вработувања? Пред извесно време, кога беше интерпелацијата овде во Собранието, кога господинот Груевски од оваа говорница го гледаше Собранието како две Македонии, едни прогресивни, други назадни, не кажа ниту збор за новите вработувања, ни зборот "вработување" не го спомна. Како мисли да ја внесе во Европската унија или што фајде е за обичните граѓани Европската унија, со кој премиерот ги залажува ако тие што не работат се вработат, ако оваа Влада не им овозможи нови работни места, ако оваа Влада на тие што работат не им ги зголеми платите итн. Ако сакате, еве да ги земеме и странските инвестиции како параметар. Не сум направил уште точна рекапитулација од експозето, завршниот збор на премиерот при интерпелацијата, кога тој набројуваше стотици милиони евра, дури и неколку милијарди евра како идни инвестиции со зборот "ќе", значи идно несвршено време за граѓаните на Република Македонија. Дали пензионерите имаат поголеми пензии, дали здравствените работници имаа поголеми плати, дали во образованието нешто е подобрено, дали наставниците и професорите имаат поголеми плати итн, итн.

Понатаму, господинот Коњановски во неговата оставка вели дека да се биде министер во овој момент во Владата на Република Македонија значи да се даде нешто од себе, а не да се земе, едноставно бил и таков ќе остане. Ако остане таков, тоа е добар манир, меѓутоа во еден прилично кенедиевски стил се наметнува и се обидува да остави впечаток на една многу работлива и вредна Влада која надвор од партиските интереси и личните интереси, врвен приоритет и е Република Македонија која сеуште не можат да ја помрднат од мртвата точка.

И на крајот, го моли господинот Коњановски во неотповикливата оставка премиерот да ја прифати оставката на министер за локална самоуправа, не баре не е договорена работата, па сега одлуката на премиерот зависи од молбата на министерот. Навистина една фарсична ситуација, за да влезе ПДП во Владата и за да господинот премиер направи еден нов коалиционен договор.

Сега кога сме кај коалициониот договор, имаше многу шпекулации во јавноста од кои причини премиерот ја прави во овој момент оваа реконструкција на Владата, од кои причини внесува уште една политичка партија во парламентарното мнозинство. Една од тие шпекулации е дека тоа е всушност маневар на премиерот за обезбедување на поголемо парламентарно мнозинство, бидејќи не им оди работата со обезбедувањето на мнозинството и гласањето на владините проекти овде во Собранието, па вака преку зголемување на

парламентарното мнозинство за двата пратеници на ПДП, премиерот мисли дека побрзо ќе ги турка владините проекти во Собранието. Се разбира, ова е многу парадоксално, бидејќи во дневно - политичките настапи и Владата и пратениците од владиното мнозинство ја обвинуваат парламентарната опозиција дека таа е виновник и кочничар зошто не се спроведува програмата на Владата. Се разбира контрадикторно, затоа што од една страна не се чуло ни видело ниедна влада да се жали од опозицијата, бидејќи штом е избрана како влада и штом има 65 пратеника кои ги доби на интерпелацијата, на довербата, штом сега има можност да направи реконструкција, значи во секој момент има мнозинство, со кое никој не ја спречува да си ја тера владината и партиска политика "100 чекори" во Собранието, меѓутоа, секогаш во недостаток на аргументи е полесно вината да се префрли на страната на опозицијата, за да се прикаже, за да се затскрие неспособноста на премиерот и Владата да го реализира она што го ветуваше во изборната кампања.

Понатаму, една од останатите шпекулации кои се говореа во јавноста зошто токму сега се зголемува парламентарното мнозинство во партијата ПДП, како шпекулација се разбира, е дека за да се изолира партијата ДУИ и да се остави единствена партија парламентарна од албанскиот политички блок сама во опозиција, по принципот што менторот на сегашниот премиер, поранешниот премиер Георгиевски, го правеше од 1998 до 2002 година, кога сакаше истото тоа да го примени на СДСМ. Меѓутоа, таа тактика се покажа како кратковида и со краток здив. Значи ако се надоврзам на оваа теза дека се сака да се изолира и да се остави ДУИ единствена парламентарна партија сама во опозиција, има големи нелогичности и контрадикции, затоа што премиерот од своја страна прави договори ...

Потпретседателе, ве молам, кому му е здодевно може да ги замолите да ја напуштат салата.

**Иван Анастасовски:** На кого му е здодевно, ќе излезе од салата, продолжете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Значи од друга страна, премиерот прави тајни договори со ДУИ, со кои го прекројува всушност, Охридскиот договор и Уставот на Република Македонија. Прави записници, како што вели самиот, со овие, ова не се мои зборови, ова се зборови на премиерот и поранешен опозиционер, господинот Груевски и на неговата политичка партија кои постојано во јавноста говореа дека не седнуваат во иста влада, или не седнуваат да разговараат и да договараат и да преговараат со терористи. Тоа се ваши зборови.

И на крајот, уште една нелогичност е дека после обелоденувањето на таквиот наводен записник, таен договор со ДУИ, премиерот објави дека политичкиот дијалог во Република Македонија е завршен. Се разбира, дека тоа не е точно, затоа што политичкиот дијалог, не само што не е еднократен и не може да заврши, политичкиот дијалог Владата, ако е одговорна и ако е сериозна, мора постојано да го води со целокупната опозиција, не само со албанскиот дел од опозицијата, во конкретниот случај со ДУИ. Тоа значи дека одговорна влада постојано за клучни прашања, бидејќи постојано се повикувате на клучни државни интереси, кои сакате да ги спроведете, треба да обезбедите согласност, консензус и поддршка и од останатите парламентарни опозициони партии во Собранието.

Понатаму, во врска со децентрализацијата, бидејќи овие реформи што денонoќно работел и министерот Коњановски, кој поднесе поставка и неговата влада и неговиот премиер се фалат дека многу напредувале во процесот на децентрализацијата, во времето кога беа опозиција велеа во врска со децентрализацијата дека ќе го ревидираат Законот за територијална организација и дека Струга ќе ја вратат во поранешните граници, дека ќе го сменат решението за Кичево. Ништо од тоа не направија. Излезе дека ги злоупотребувале патриотските чувства на граѓаните, само за да дојдат на власт и дека ниту на Коњановски, ниту на прамиерот Груевски, ниту на Владата за која велат дека врвни се европските приоритети, не им била важна децентрализацијата, ниту Струга, туку само дневната популистичка политика за да дојдат на власт.

Кога сме веќе кај децентрализацијата, да ве прашам на крајот што направивте со вашето денонoќно работење за децентрализацијата кога опозицијата бараше зголемување на надлежностите на локалната самоуправа, вие ги зголемивте за сметка на локалната самоуправа надлежностите на Владата. Кога опозицијата бараше зголемување на финансирањето на единиците на локалната самоуправа, поголемо издвојување од ДДВ, поголемо издвојување на процентот од општествениот производ, вие повторно не сакавте да давате пари од вашиот владин централен буџет за да има повеќе пари за трошење на Владата. Како што сега трошат на рекламни кампањи за едукација на пациентите, за едукација на даночните обврзници итн.

И на крајот, господине премиер и господине сега отсутен претседател на Собранието. Според Уставот на Република Македонија вие сте првите луѓе во државата кои треба да реагирате и да го штитите уставниот поредок на Република Македонија. Што ли се договоривте со ПДП за да влезе во власта, кога еден претставник на оваа пленарна седница од таа партија, кога ви е сега коалиционен партнер во власта, изјави дека Македонија е бинационална држава, во присуство на премиерот во оваа сала на Собранието во присуство на претседетелот Георгиевски, кој тогаш ја водеше седницата. Зошто не реагиравте на тоа? Дали е тоа некој случаен договор, како со ДУИ, или сличен записник кој не сте го потпишале. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Владо Бучковски. Повелете.

Се извинувам господине Бучковски, процедурално три минути госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе, од име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, барам да продолжиме да работиме после 18,оо часот, доколку не завршиме со изборот на министер во Владата на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Дали имате поддршка до 10 пратеници? Добро. Во тој случај, колеги пратеници, предлогот морам да го ставам на гласање за продолжување после 18,00 часот, до изгласување на кандидатот за министер.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, од кои 60 гласале за, 5 воздржано и 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен и ќе работиме до изгласување на кандидатот кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа.

Господине Бучковски, вашето време. Повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, почитуван претседател на Владата, почитувани министри, почитувани колеги и колешки пратеници.

Најпрво ќе говорам принципиелно, затоа што немам право, било грев да говорам против кандидатот за министер, кој според моите информации кој доаѓаа од Тетово има кредибилетет да ја исполнува задачата за министер, уште повеќе што знаеме дека во Владата има многу случајни луѓе, верувам дека ќе биде од поуспешните министри, така што мојата дискусија нема да биде за кандидатот за министер Мемети, затоа што многу повеќе заслужува опсервација на работата на досегашната влада.

Повеќе ќе говорам за некои неразбирливи принципи и тука на почетокот ако е нов принцип, морам да кажам дека премиерот Груевски за сите идни мандатари или премиери воспоставува многу високи критериуми, кој морам да признаам дека тешко било кој ќе може да ги надмине. Ако еден пратеник, од до вчера опозицијата, сега да премине во позицијата вреди едно министерско место, морам да признам дека математиките кои сега ги правев, говорат дека овде не завршуваат танталовите маки на нашиот премиер. Туку напротив, со овој последен маневар, дефинитивно се промовира дека Република Македонија и во овој дел, како што имаме двајца директори во МРТВ, двајца директори на Фондот за здравство, дефинитиво денеска има и двајца премиери. Мислам дека премиерот број два во овој момент има само пет министри, а шест членови на Владата. Времето ќе покаже ако е точно тоа што зборуваше. Не знам дали е тој надлежен да направи трансфер на уште двајца пратеници од опозицијата. Дали ќе треба Стојковиќ, односно Стоилковиќ и Раахиќ, односно Рахиќ, да ги донесе во Парламентот.

(Тачи доаѓа пред говорницата каде што зборува господинот Бучковски и му покажува една книга)

Господине потпретседател, беше добронамерен пратеникот Тачи. Во слична ситуација, да дојдеше некој друг од позицијата, ќе направев гард и бев подготвен да се пресметаме физички.

Јас гледам дека не дојде со такви намери и ве молам да оезбедите во Парламентот да ја чуеме дебатата. Апсурдна е оваа ситуација во која се наоѓаме. Зашто мислам дека после оваа седница нема да сака никој да биде премиер. Значи, ќе се обидам во ситуацијата да говорам и во ваш прилог господине Ѕинго, затоа што со три пратеника малку е еден министер да иматер. Сега има нов пазар. Ова е првиот резултат од гласањето за доверба на Владата. Штета што не ги ставивме и македонците муслимани. Од денеска ќе бараше и Фијат Цаноски да има министер. Јас незнам што чека колегата Алиу. Освен ако нема таква понуда господинот Неждет Мустафа што го криете и што мудро молчи. Еве ја математиката. Значи, изборите покажаа дека ДПА има 11 пратеника, но се прилично вешти. Имаат 12 со господинот ректор, од денеска 13.

Според математиката која што ја правеше при гласањето доверба почитуван премиер Груевски, вашиот заменик премиер во сенка, односно премиерот број 2 Тачи, ви фалат уште најмалку двајца пратеници, затоа што еден го криевте, незнам кој ви е тој. Сигурен сум само дека во СДСМ нема да ги најдете, колку и да ви изгледа господинот Рахиќ дека е човек кој може да го платите со еден милион евра. Јас ви реков, не говорам за врските. Тоа го правевте го минатото.

Значи, јас господине премиер Груевски знам колку беше тешко што добив аманет од поранешниот претседател на Владата, кој со ваша поддршка стана претседател на државата. Па наместо четири мандати на нашите добри коалициони партнери од ДУИ, во договорите за новиот состав на Владата им давам пет мандати.

За ваше потсетување, бидејќи веројатно не научивте ништо. На почетокот од договорот меѓу СДСМ, ДУИ, односно коалицијата "За Македонија" и ДУИ имаше поинаква математика. Затоа што во Парламентот е се математика. Коалицијата "За Македонија заедно" имаше 60 мандати, ДУИ имаше 16, или 17, ДПА тогаш имаше 7 мандати, 2 имаше ПДП, 1 беше пратеникот Џезаир Шакири, независен пратеник.

Значи, во тој момент во Парламентот беше поинаква математиката, но ние на почетокот имавме договор со ДУИ. ДУИ доби министер за здравство, министер за образование, министер за транспорт и врски и министер за правда. При промената на мандатарот јас добив во аманет и ние за разлика од вас, незнам како вие функционирате, ги исполнуваме договорите по добро завршената работ. Имаше некоја работа која нашите коалициони партнери ја извршија за доброто на Македонија и ние согласно нашиот

договор го зголемивме во последните 18 месеци нивното учество во Владата со пет мандати. Ве потсетувам на крајот од мандатот на Владата, меѓу коалицијата "За Македонија заедно" и ДУИ, ДУИ имаше министер не за здравство, туку за економија и понатаму, министер за образование, министер за транспорт и врски, наместо министер за правда имаше министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и ново министерство како сега, за локална самоуправа.

Сакам тука меѓу принципите да говорам и за некоја симболика. Како четири мандати станаа пет и што беше тогаш влогод. И што е сега влогод, освен ако не е влогот она што се шпекулира. Ако е влогот Македонија, ако го каже отворено тоа премиерот, јас ќе гласам за Македонија. Или ако каже премиерот број два Мендух Тачи дека има уште тројца пратеници до фамозните потребни гласови веќе да не не измачувате, да го изберете и Судскиот совет со ваши гласови, а да не биде виновна опозицијата СДСМ, или претседателот, кажете го сега.

Минатиот пат мислам дека правевте сметка без крчма. Ги спомнавте двајца пратеници од опозицијата кои сметавте дека ќе ги дадат вашите гласови врз основа на Бадентер.

Но, почитувани пратеници, почитуван претседател на Владата, мислам дека ова е крајно несериозно. Ако сакавте да го понижите до крај ДУИ, мислам дека денеска успеавте. Ако беше идејата веднаш по тоа што се договоривте и сите го поздравија, што јас лично го поздравувам, затоа што го знам договорот и знам дека договорот мора да го реализирате до крајот на септември. Минатиот пат говореше дел од пратеничката група на ЛДП. Вие денеска можете да глумите колку сакате. Но тоа мора да го направите за Македонија. Но, фер е, при денешниот избор на Владата да кажете дека ја плаќате првата рата на сметките кои треба да ги испорачате на вашиот коалиционен партнер. Бидејќи ДУИ ви е партнер, кој вие е изнуден партнер, велат во правото кога нешто се прави во крајна нужда, тогаш дел од последиците не мора да одат на сметка на тој кој во крајна нужда мора нешто да направи. Тоа е единствениот случај, каде што може да поминете без одговорност. Но мислам дека вие и должите на македонската јавност одговор, зошто токму сега, ова го правите. Зошто паралелно со преговорите што ги правевте со ДУИ, ги отпочнавте преговорите за влегување на ПДП во власта. Значи, има два одговора. Нема ни три.

Варијанта број еден, за да му се додворите на Мендух Тачи, затоа што мислам дека неговите 11 пратеници кои сега станаа 13, ви се многу, многу потребни. Ќе треба многу љубов да му изразувате, да ја задржите нивната поддршка уште повеќе, што можеби следниот пат, како што по грешка нивниот сегшен претседател гласаше за недоверба на Владата, следниот пат мислам дека уште 4 или 5 пратеници од ДПА, ќе може да гласаат по грешка за недоверба на Владата, ако и понатаму постојано не им искажувате љубов. Но, бидејќи љубовта кон Македонија, како што вели вашиот советник за правни прашања, Трајко Вељаноски, треба да биде поголема, отколку љубовта кон ДПА, треба да кажете зошто токму сега го правите сето ова. Дали условно речено да се додворите и на вашите членови симпатизери, кои господата од ДПА во премиерот гледаат нов војвода. Ова е време кога веројатно, ако е ова востанието, битно е да е промовирана една поинаква Македнија, со многу војводи. Штом можел војводата Питу Гули, кој не сме прашувале дали е Македонец по етничко потекло, да биде симболот на македонскиот непокор, ако треба, дајте да се согласиме сите тоа да биде господинот Мендух Тачи. Да го славиме сите. Уште сега да му речеме на академикот Томе Серафимовски, нека земе мерки на неговото стројно тело и да ја изградиме таа биста. Еве овде има многу празни места, ќе се најде место, во овој наплив на нови фигури, на нови бисти и за оваа стројна фигура на новиот војвода, ако е тоа цената што треба да ја платиме за Македонија. Но, кажете го тоа денеска. Кажете ви требаат гласовите на ДПА, затоа што не ќе може понатаму да го реализираме договорот со ДУИ. Мојот омилен претседавач е за мене. Му благодарам. Да беше господинот Анастасовски, немаше да биде така ревносен, зашто вие ја доведовте во опасност мојата фигура, затоа што овој господин кој се приближи премногу блиску, може да го наруши дигнитетот на Парламентот.

Јас говорам со суперлативи за вас, затоа што, како што ја сфаќам целата оваа денешна епизода од проектот ја градиме "Македонија заедно" со нови сили и со нови принципи, ова треба да биде забележано во новата македонска историја. Значи, за 17 години, проверете ги сите реконструкции, никогаш не се правела реконструкција да добиеш еден глас повеќе и да имаш еден министер. Ако е овој нов европски принцип, јас би се замислил дали од левата страна ќе се најде утре некој јунак, затоа што не верувам и покрај поддршката било каква, кој да ја има, ќе може да си ја испорача таа сметка на помалите партии. Тогаш, искрено да ви кажам, не храбрите и нас опозицијата уште сега да фатиме нов бран на распојувања, затоа што не вредиш сега ако имаш 10, 15 или 40 пратеника. Повеќе вредиш ако си еден, три, или пет.

Но, да не должам многу, почитуван претседател на Владата, јас сметам дека е чесно, пред гласањето, за да ја добиете поддршката и од пратениците од опозицијата, да објасните како ќе стигнете до фамозната бројка, кој во овој момент, во соодносот кој го правиме, еве ги бројам, 13 пратеници од денеска од ДПА, госпоѓата од Охрид која од Македонка се почувствува Влаинка, 14. Господинот Алиу, 15. Но, од другата страна и понатаму без коалицијата "За Македонија заедно", повторно сте 15, 15 само со ДУИ. Значи, сега мора да погледнам кон овие наши коалициони партнери од колацијата "За Македонија заедно". Да видам дали Неждет

Мустафа, дали двајцата пратеници од турската партија кои не се тука, дали Иван Стоилковиќ или овој господин овде Есад Рахиќ се петтмината од кои сте подготвени да им дадете две министерски места, затоа што рековте.

(Џакор во салата со дофрлање)

Гледам, вашите пратеници реагираат дека не давате милион евра. Значи, сум бил во заблуда. Не давате милион евра како во старите добри времиња, во 2000 година, значи, не давате на тој начин дел од средствата кои ги добивате по разно-разни основи, туку сега се обидувате да нудите министерски места.

Значи, кои варијанти останаа? Останаа ушт емалку ВМРО-ци во вашата Влада. Го гледам господинот Маневски, кој не е ВМРО-ец, веројатно за него лесно би се откажале и ќе барате некој од овие пратеници да ви даде соодветен министер. Ќе преговарате воројатносо господинот Неждет Мустафа. Има и други добри правници. Не е само колегата Алиу добар правник. Или, ќе се договарате со господинот Алиу.

Турците, по дефиниција мислам дека го сакаат Министерството за финансии. Двајца, веројатно вредат колку министерот за финансии. И, заслужуваат за нивната подршка да го добие Министерството за финансии Демократската партија на Турците. А, ако не се договорите и со едните и со другите и со третите, одете кај господинот Есад Рахиќ. Бидејки е тој поединец, нема партија, ќе мора да преговарате со него и со неговото семејство.

Не верувам господине Груевски ...

(Смеа и џагор во салата, а потпретседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Се обидувам потпретседателе да ме чуе претседателот на Валдата, затоа што е многу битно.

(Дофрлање од место)

Може да ви се обратм вам.

Не верувам господине премиер број 2 Тачи, дека она што го пуштивте како шпекулација во "Време" или А-1 Телевизија дека Есад Рахиќ ќе биде минсиер за внатрешни работи, затоа што ако стане Есад Рахиќ министер Ќе ви фали еден глас за Бадинтер. Неговито брат, кој исто така е многу поквалификуван од половина Влада, мислам дека нема да сакате да го направите минситер за внатрешни работи. Останува целата оваа работа од апсурд да ја доведеме во реалност.

Ова работа, господине премиер не бива. Оваа работа вака, не се тера, затоа што сега може да поминете со реконструкција, но слдниот пат, дефинитивно ќе биде голема, т-конструкција на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Реплика од три минути господинот Есад Рахуќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседател на Собранието, почитуван премиеру, минситри, почитувани колеги,

Два пати се наоѓам во некоја пресметка, фискална или не и сакам да му се обратам прво на господинот Бучколи или Бучку и на господинот Тачиновиќ Мендух.

Есад Рахиќ е Есад Рахиќ. Не милион евра, не сто милиони евра, милијарди евра не може да ме купат да гласам за едн аопција ако таа опција не ми е блиск адо срцето. Јас реков еднаш и Ќе кажам дека сите проекти на оваа Влада што биле добри за Република Македонија, за граѓаните ќе ги подржам,без оглед дали тоа се допаѓало или не на мојата политичка партија.

Меѓутоа, мора да сфатите една работа. Има една разлика ...(Дофлање од место)

Ќе ве молам да завршам.

Има една разлика, не можам да бидам во Владата на господинот Груевски прво, затоа што не можам да работам ден и ноќ. Треба да спијам. Немамтолку енергија. Не сум од МПСО или од ЕЛЕМ. Не собирам визит карти од егзотични дестинации. Не сакам пингвини и не собирам плауши и бринети во мојот кабинет и не земам провизии.

Сакам да викажам, ние треба да градиме една сериозна држава. За сериозна држава треба да има сериозни луѓе и сериозни политичари.

Уште еднаш ќе ве замолам и вас госпдоине Бучковски и вас господине Тачи, правете ја сметката, ама прашајте го првокрчмарот. Се знае во кафеана кога се оди кој ја дава сметката, кој ја плаќа. Уште еднаш нагласувам, се што треба во интерес на граѓаните на Република Македонија ќе подржам.

Доколку вака се однесувате, барајте ги гласовите на Бошњаците кај господинот Пепиќ и Шакиќ. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рахиќ.

Репликаод три минути за господинот Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван премиере и останати,

Би сакал да кажам дека јас прво се викам Шабан, презиме ми е Салиу, пратеник во ова Собрание. Не сакам некој да ме прекрстува.

Втората работа, јас не сум на продажба, како што неколку пати ме набддија,односно претходниот дискутант, иако оваа Влада не нудеше господинот Груевски на никого милион, како што беше наведено. Мене , од страна на опозицијата,односноод некои туками пеа понудени од милион до три милиони евра да дадам глас за нив.

(Џагор со аплауз)

Според тоа, не сакам некој да ме злоупотребува мене дека јас,како поединец, како еден пратеник ќе барам од некого тука министер. Јас сум задоволен од тоа што во овој момент го добивме

како Ромска заедница. Не зборувам од друг аспект, но тоа што ние го реализираме и го остваруваем, јас сум благодарен.

Ако некому требаат полтрони, полтронинека бараат на друга страна. Благодарам.

(Аплауз)

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Салиу.

Контра репликаод една минута господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Колегата го ословив по презимето Салиу. Знам дека се вели Шабан. Би било непријатно да биде ословен поинаку.

Во секој случај, ова е новина за мене. Не знаев дека луѓето од опкружувањето на премиерот и тој вредел од милион до три милиони евра. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За реплика се јави господинот Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Благодарам.

Малку да ја направиме ситуацијата сериозна.

Бидејки по вокација сум лекар стоматолог би се обидел да ви ја дадам дијагнозата, кој е вашиот проблем и на СДС брзо и кратко.

Немојте да се надевате дека македонскиот народ веќе ќе гласа за вас. Знаете зошто? Затоа што вашите другари што гиимате во коалиција, а сега ги браните, нависитна имаат огромен проблем со демократскиот легитимитет. 2001 година, нивниот легитимитет произлегува од криминал, не од гласот на народот.

Второ, тоа дека господинот Груевски испорачува нештокај мене или дали сум јас војвода или не сум, да ви кажам уште еднаш, друга дијагноза, тешко дека македонскиот народ ќе гласа за вас, затоа што вашиот друга ја испорачуваше Македонија во Атина. Ја испорачуваше цела држава. ДПА испорачува внатре во државата, а никогаш нема да ја испорачува државата.

Навистина, додека овие работи не ви бидат јасни, мислам дека вам ви се јасни, ама ете вие не сте тој кој го направивте гревот. Вие само ги плаќавте сметките на крајот. За жал, тие сметки ве согореа и сега произлегува, кога зборувате и скате да дигате политички тензии дека сте несериозен.

Направете ја таа храбра дистанца од криминалниот легитимитет што се вика Црвенковски Бранко. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Тачи.

Контра репликаод една минута господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе Груевски, секој пат велат дека треба да се чувате од волкот кога ќе облече јагнешка кожа.

Оваа дискусија на Мендух Тачи го потврди старото добро правило. Господинот Мендух Тачи, морам да признам е одличен за коалиционен партнер. Со него, буквално може да направите се.

Јас, ја немав таа среќа или несреќа да владеам овие 18 месеци со него. Но, со него, ако имате чисти сметки, а вие не говорите кои се чистите сметки, мислам дека може да направите многу работи. Но, на крајот, бидејќи граѓаните на Република Македонија ќе ја платат сметката, треба да знаеме што вовој момент се случува во оваа македонска крчма. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господин Неждет Мустафа, повелете.

**Неждет Мустафа:** Почитуван потпретседателе, почитуван премиеру, навистина еден многу тежок вовед, пред мојот говор, една еуфорична ситуација за штоискрено тешко да се завидува да бидеш премиер на оваа држава, ама и тешко да се биде пратеник од оваа страна на говорницата. А, и тешко да се однесуваме така како колегите пратеници. Се извинувам, ама јас веќе се плашам како да почнам да говорм да не ме земете и мене во комична ситуација па да се плашам да проговорам било кога за одредена моја сугестија.

Во секој случај си земам за право да го искажам моето мислење и да му честитамна ПДП и на претседателот Вејсели за неговиот ангажман, што успева да се инволвира дури со едно министерско место, а од друга страна тоа покажува и кај премиерот дека има слух, од негови политички причини, да надмине одредени политички препреки или пак да надмине одредени државнички интереси, повторно во еден шлагфорд, се во интерес на Република Македонија.

Јас, почитуван премиеру, навистина би сакал да се чувствувам како граѓанин, односно дека како пратеник овде можам да говорам без некој да ме провоцира силно или да ме напаѓа силно, кој повеќе треба да доаѓа во ова Собрание или не смеам повеќе да влезам во ова Собрание. Сепак, се изинувам, но кодексите на нашето однесување, пред се сме колеги, излегуваме на улица и навистина, треба да имаме една воздржаност.

Во однос на министерското место, повторно би сакал да истакнам дека е тоа за поздравување и не се согласувам со таква опција, како што кажа претходниот пратеник Салиу, дека општото задоволство на Ромите е заменик министерското место и дека треба да се задоволат со таа позиција. Значи, се ограничуваат политичките аспирации на Ромската заедница. И она, искрено, што го направив јас во онаа Влада, што се изборив за тие позиции, заменик минситерска позиција во другите ресори, се направи само копир или копи-пеис на политички позиции.

Навистина сакам да се уверам по вашиот енергичен настап и вашиот несебичен ангажман во однос на агендата што си ја поставивте со нашата Влада, дека ќе имате имплементација, секаква одговорност за она што веќе го презентирате пред јавноста и за она што веќе се ангажирате.

Би сакал, почитуван премиеру да го задржам вашето внимание, бидејки мислам дека е добар момент, ако пратеникот Салиу е толку задоволен од тоа заменик министерско место и ако пратеникот Салиу е задоволен со тоа што си ја стави сопругата во Министерството за труд исоцијална политика па дури секој ден прави притисок во Министерството за труд исоцијална политика неговата сопруга да добие повисока позиција, сметам дека би било добро да се размислува и за една агенција, за имплементација на правата на Ромите, врз основа на Стратегијата и Декадата како што е случај во Србија или пак некој друг легален инструмент на кој што навистина можете да оставите една историска трага и можат да ве паметат во Република Македонија дека доследно застанавте и зад Статегијата и зад Декадата.

Во таа релација, навистина сметам дека ќе ги прифатите и сигналите на европарламентарката од Холандија Елзе Грунд која беше минатата недела во посета на Македонија и имаше средба со минситерот за надворешни работи и минситерот за труд и социјална политика, ги даде сигналите дека Владата на Република Македонија навистина треба похрабро да застане зад Статегијата и Декадата и дека се ггготови, подготвени да помогнат во имплементацијата за положбата на Ромите во Република Македонија.

Од таа страна гледајки го вашиот фер однос и кон политичката партија ПДП, мислам дека би бил многу јак гест за Ромите во Република Македонија и тоа би пружиле силна шанса на Ромската заедница дека оваа Влада не е сконцентрирана да ги дели правата само меѓу Макеоднците и Албанците и дека оваа Влада нема да продолжи да дава декоративни права и ограничени права, дека може само заменик минситер да биде од Ромската заедница или некоја друга заедница и да се покријат декоративни позиции.

Почитуван премиеру,

По сето она што вие не себично се ангажирате, ги гледам вашите настапи и вашиот ангажман, би сакал да бидам уверен дека не би сакале да ја осакаатите Република Македонија, односно нејзиниот Устав како мултиетничка заедница, туку би продолжиле да ги интегрирате, би зеле еден легален инструмент, владин инструмент, тоа што не го направи претходната Валда, да може тој состав, да ве потстам дека Ромит енавистина, верувајте ми имаат многу дипломирани Роми што ги има од сите кадри. Не е самосопругата на Шабан Салиу, туку ги имаме многу. Тие можат да застанат зад имплементацијата на Декадата и Стратегијата.

Во однос на почитуваниот Бучковски, кога неколку пати го спомна моето име, би сакал да се надминам во оваа ситуација, да не навлезам во аргументација од кои причини тој го употребува моето име во некоја си математика, но јас сум подготвен, тоа јавно го говорам, дека во однос на интересите на Република Македонија, во однос на она што е среќа за иднината на граѓаните на Република Македонија, во тој момент не би сакал да се пазарам.

Сметам дека политичките движења и политичкиот слух за правата на заедниците не треба да зависи од условни моменти. И, дека не треба да зависи од желбата на владеачката позиција или не знам која друга позиција.

Дека правата на заедниците не се делат по желба, туку тоа е уставна обврска. Така што навистина, премиеру, уверен сум дека ќе застанете зад идеата во вашата Влада да се формира еден владин инструмент, да кажеме една агенција за имплементација на ромските права, за што ве уверувам дека со тоа нема да наштетите на вашата Влада. Туку, ќе останете во една долга историја, ќе ве паметат Ромите во Република Македонија и дефинитивно сигналите со што секој извештај доаѓаат и ве потсетуваат дека посигурно и похрабро треба да застанете зад мизеријата, сиромаштијата, невработеноста на Ромите и дека ќе застанете зад нејзината реализација.

Од тие причини не вкусно е да застанам зад аргументацијата на Бучковски и во употреба на моето име и презиме, туку мислам дека тоа е општо добро и треба да се однесуваме така. Кога има прашања од интерес на Република Македонија, таму треба да имаме заеднички консезус, а со тоа ќе дадеме сигнал и на Меѓународната заедница дека сме возрасни и зрели и дека таквите моменти не треба да ги злоупотребуваме.

Не треба да се потсетуваме на раното минато, кога ги имавте тие проблеми со одредена заедница. Но, во секој случај еве обидувајте се да се надминете во однос на правата на другите заедници.

Ви благодарам на вашето трпение и сум со огромно исчекување дека ќе размислите во врска со моите предлози. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господин Мустафа.

Реплика од 3 минути има господинот Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Со жалење би сакал да истакнам, она што претходниот дискутант го потенцираше во поглед на правата на Ромите.

Драги колеги вие знаете овде колку јас имам говори, колку има претходниот говорник од оваа говорница, колку сум бил присутен јас во ова Собрание. Ниту еднаш не сум отсуствувал. Напротив, секогаш сум зборувал за заштита на правата на Ромите, секогаш сум барал да се реализираат фундаменталните интереси на мојата Ромска заедница. Тоа може да се види многу лесно од податоците од документацијата во ова Собрание. И јас, бидејќи сака да ме злоупотреби претходниот дискутант, дека сум бил задоволен само од еден заменик министер, тоа се ноторни лаги. Од една проста причина што ние, не добивме за овие девет месеци само заменик министер, туку добивме неколку

директори, неколку вработувања по министерствата, го добивме Трговскиот центар кој е четврто претпријате по големина во Република Македонија.

Тоа не е случајно почитуван колега. Но, и друга работа, вие бевте пратеник во претходниот мандат не успеавте ама баш ништо да направите за Ромите, односно да ги злоупотребите и во поглед на територијалната поделба. Им направивте 2300 Албанци во Шуто Оризари им однесовте со потпишувањето. Не сум против Албанците. И тие Албанци ги направивте бедни. Ги споивте со најбедната општина во Шуто Оризари.

А, што се однесува до мојата сопруга, таа е дипломиран интелектуалец во нашата држава. Таа работеше во Радио телевизија со решение и не гледам зошто би и се ограничиле можностите да се вработи на други места. А ти повеќе, драг колега, да се секираш што твојата сопруга нема основно образование завршено, треба да се погрижиш во тој дел.

На крајот, јас не сум, драг колега како вас, "ни риба ни девојка", напротив јас сум директно определен и знам што работам, кај работам. Од една страна се правиш дека работиш за СДСМ, дека си на страната на СДСМ, а од друга страна се додворуваш на ДПМНЕ. Седи каде што си, зошто каков си заникаде не си.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од 1 минута, Мустафа Неждет, повелете.

(Џагор со дофрлање во салата)

Повелете господине Мустафа.

Господине Мустафа имате реплика од 1 минута, повелете.

(Џагорот во салата со дофрлањата продолжуваат)

Господине Рахиќ, господине Салиу ве молам.

Господине Мустафа имате 1 минута за контра реплика, повелете.

(Гласните дофрлање продолжуваат)

**Неждет Мустафа:** Жалам, навистина, што го симнавме нивото, како што ме нарекуваат.

Вака со вашиот ум, најмногу штетите на оние луѓе кои се сиромашни Роми. Мислам дека тоа ќе биде огромна штета, голема несреќа ако вака Ромите се надеваат дека вие ќе можете на еден ваков начин да ги претставувате.

Вашите нотoрни лаги мислам дека ги надминуваат дури и сега можам да ви кажам, вашиот претседател Амди Бајрам беше тука многу подобар од тебе. А, ваквите однесувања, за жал, се крај на односите што ги трасираш тука во ова Собрание. Мизерно е ова од тебе.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Азис Положани, повелете.

(Гласно дофрлање од место со барање за процедурално)

Господине Салиу не може да барате процедурално бидејќи нема никакво прекршување на процедурата.

Ве молам, господине Положани повелете.

(Меѓусебни дофрлувања)

Господине Рахиќ во ред е.

(Дофрлувањата и џагорот продолжуваат, а претседавачот предупредува со звончето)

**Азис Положани:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги, господине Груевски,

Драго ми е што денеска заедно со вас ќе можеме да разгледаме некои аспекти на вкупните политики по повод предлогот за нов министер за локална самоуправа. Тука нема подобар пример или пак ситуација да се отворат ваквите теми.

Претходно реков дека тука го имаме првиот министер, премиер, но за среќа и присуство што го почитува Парламентот, со бројка што не е секогаш случај. Така наречениот многу баран и префериран дијалог во Парламентот, што не може секогаш да се води квалитетно, бидејќи често пати се случува како да зборуваме самите со себе или да разменуваме мислења со двајца или тројца парламентарци. Така што дијалогот што требаше да биде патот, градба, засилување на демократијата, не можевме да го трасиравме поради овие причини.

Затоа, дозволете ми да говорам за темата. Тука беа слушнати беше за очекување да се слушнат голем број дискусии што се секако од сите страни легитимни и не може да се говори во еден одреден момент за значајни теми, што исклучок беше оваа непотребна конфронтација помеѓу двајца претставници на иста етничка заедница, кои бараа на некој начин или рефлектираа метафора на еден поширок амбиент или средина во државата. Но, како и да е, вакви дискусии се легитимни. Се водат од оние кои се принципиелни, а се работи за поднесување оставка на еден министер и доаѓање на други министер.

Од принципиелни причини во однос на тоа колку се искористени, исполнети очекувањата во тој ресор и што недостасува она што треба да се изгради или да се донесе од страна на новиот министер до оваа Влада. Мислам дека тоа би била поздрава дискусија и попринципиелна доколку се однесува на овој аспект.

Но без потреба беа кажани одредени квалификации. Се разбира, квалификации ниту за претходниот министер, ниту за тоа што треба да направи идниот министер, за тоа што тоа треба допрва да дојде, а тоа не е многу далеку.

Како ќе се оцени претходниот министер, мислам дека треба да се оценува целата Влада бидејќи не само министерот за локална самоуправа ја нема целата одговорност. Тоа министерство има одредени ингиренции, но главната работа е владината политика, односно финансиите, подготвувањето за финансиска реализација, за исполнување на сите фази што следуваат.

По две недели, како што рече ќе може да се измери, всушност да се оцени зошто и како претходниот министер го направил или не го направил тоа или таа работа. Мислам дека оценките не можат да бидат позитивни поради многу конкретни причини, господине Груевски.

Тоа, поради фактот што немаме ниту еден документ, немаме ниту една силна изјава како од страна на премиерот, така и од најзначајните министри, бидејќи втората фаза на децентрализацијата, со комплетниот капацитет ќе започне на 1 јули.

Доколку некој ја слушне оваа силна изјава, ве молам, ако било слушнато, нека ме корегира. Од ова се гледа дека постои недостаток на политичка волја за имплементирање на втората фаза на децентрализацијата, што навистина е недостаток со исполнување на Охридскиот договор, а сега поврзани и со Уставот и законите, а се разбира и со интегративните процеси. Затоа што не е направено ништо, барем ништо ние како пратеници, да видиме од оние обврски што произлегуваат од 1 јули дека се исполнети или има шанси да се исполнат, немаме ниту една силна изјава во оваа насока. Тоа значи дека немаме ниту движења на сето она што значат основни извори на општините, немаме јасни формули, принципи за распределба на финансиите, за средствата или елементи што ќе бидат во функција на засилување на децентрализацијата.

Исто така, немаме ниту еден чекор кој на сукцесивен начин од страна на Владата ќе беа предложени во однос на засилување на локалните финансии, вклучувајќи или учествувајќи во оној дел, од централните финансиски средства, како што беше предложено во однос на зголемување на сите финансии во корист на засилување на децентрализацијата беше направена една обврска за дополнителна давачка, за оданочување на недвижностите, на економските објекти, на станбените објекти во ридско-планинските предели, но мислам дека не е адекватна замена за штетата што е направена на општините со намалувањето на централните давачки. Значи не е адекватна компензација и за поздравување е, секој чекор ќе се поздрави доколку е во корист на фискална децентрализација, а не да се имплементира на други централни распределби на финансии, туку на изворни давачки или приходи на општините. Во однос на целиот овој разговор, секако излегуваат на површина и дискусии по политичка димензија која произлезе од начинот како што рековте, во однос на самиот приод на изградба на една Влада и изградба на државни структури. При еден ваков пристап или приод секако горе долу во Македонија се случува прв пат по донесувањето на Охридскиот рамковен договор и се оценува како главен проблем кој создаде политички турбуленции, создава дисторзии на демократскиот процес поради ваквиот став кој што го направивте вие. Затоа, наместо да дискутираме во однос на успех или неуспех на еден министер за обврските на наредниот министер, ние секогаш ќе се сретнуваме со една ваква димензија, димензија на легитимноста на политичките аспекти на вашите чекори кои фактички се оценети како штетни, како неуспешни, како некорисни за самата Македонија и во однос на главните односи. За да се надмине овој аспект, за да се најде излез Македонија да не продолжи по овој пат, Македонија да создава процедури и да се оневозможи повторување на вакви феномени, проблемот е кој има интерес, кој од граѓаните колку пати ќе дојдат прашања од ваков карактер, секогаш да излегуваме и останатите и наместо да дебатираме за конктретни прашања, за успеси и неуспеси, за објективни аспекти на политиката, ние секогаш ќе дебатираме за прашања кои што се поврзани со овој проблем, кој фактички со вашата цел го провоцирате. Ничиј интерес овде не е да имаме дебати, всушност целта е да имаме здрави дебати кои ќе бидат во корист државата да оди напред, да се отворат прашањата, да се дебатира во однос на други аспекти кои фактички ќе бидат на штета на државата и ги прават дискусите неефикасни, а политиките не легитимни и секако отвораат нови конфликти.

Затоа господине Груевски, почитувани пратеници, дозволете ми во рамките на она што беше меѓународна грижа и заради што стана цел на политичкиот дијалог меѓу ДУИ и ВМРО ДПМНЕ, каде што беше прифатена една агенда, една спогодба со пет точки, каде фактички ние веруваме дека многу брзо ќе седнат и во духот на спогодбата ќе се разрешуваат точките една по една како што е предвидено, со цел овие елементи и овие аспекти на политиката да не се повторуваат, да не се заменува контестот на легитимитетот итн и затоа ја користам оваа прилика преку оваа точка, онака како што е предвидено во спогодбата која што и вие самите ја знаете, можеби не за среќа туку на корисен начин да се отвори на овој начин дебатата и нашиот заеднички разговор за точката 5, а точката 5 кога ќе завршат првата, втората, третата и четвртата точка, секако паралелно во еден процес да се дебатира за изнаоѓање патишта за создавање на влади со Бадинтер. Значи ова е точката 5, ова е точка ...

**Бесим Догани:** Ве молам, продолжете по точката на дневен ред, а не што мислите да направите, ве молам.

**Азис Положани:** Нема позначајна точка или позначајно прашање отколку...

**Бесим Догани:** Ве молам, зборувајте по точката што е на дневен ред или ќе ви одземам збор.

**Азис Положани:** Јас мислам дека во овој парламент има потреба, кога се избира Влада и кога го имаме тука првиот министер господинот Груевски, треба да се дебатираат овие прашања. Тоа што не е добро за сите нас, наместо за здрави прашања, ние дебатираме за оние прашања кои се дебатирани сто пати досега. Наместо оваа точка што отвораме како дебата,

бидејќи потпретседателот на Собранието е алергичен и не сака во овој правец да разговара, очекувам во согласност со спогодбата да се отвори една посебна точка која ќе биде во согласност со она што се вели во спогодбата, за оваа точка да се дебатира постојано во парламентот, а во форма на една точка, една дебата - дијалог на разни точки, како што е оваа, или ќе се најде некоја друга форма за дебата на ова прашање, мислам дека е наша обврска тоа да го формулираме, но и да го имплементираме затоа што велам дека нема интерес никој во Република Македонија од повторување на грешките и од злоупотреба на мандатот, ставајќи ја државата во кризи. Ви благодарам многу.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Положани.

Процедурално има збор господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Во име на парламентарната група, барам половина час пауза поради некои консултации што сакаме да ги направиме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Објавувам пауза од половина час што е побарана од пратеничката група на ДУИ.

(Паузата започна во 18,12 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,40 часот)

**Иван Анастсовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

За реплика по однос на говорот на пратеникот Азис Положани, има потпретседателот Бесим Догани.

Повелете господине Догани имате три минути реплика.

**Бесим Догани:** Благодарам потпретседателе.

Пред малку во неговиот говор, господинот Положани, бидјеки беше нервозен мислеше дека се сите нервозни како него. Јас сум сериозен човек, човек кој својата професија не ја сваќа со нервоза, ниту со еуфорија.

Господине Положани јас интервенирав, имајки предвид да го однесам до крај вашиот аманет, како силен борец за спроведување на процедурата за која честопати сте дискутирале од говорницата на Парламентот. Занчи сватете ја оваа работа како интервенција за почитување на Деловникот и на процедурата затоа што, реков, тоа ви е многу по ќев и често пати ни одземате доста време покажувајки ни ја процедурата.

Господине Положани ќе ви кажам дека јас понекогаш станувам нервозен, меѓутоа надвор од пленарната сала, станувам нервозен кога вие господине Положани се согласувате максимално да ги омаловажите жртвите на народот од борбата во 2001 година. Станувам максимално нервозен, кога вие господине Положани се согласувате да го омаловажите употребувањето на албанскиот јазик, барајки парцијална употреба таму каде што може, барајки регионализација на албанскиот јазик, а не да барате албанскиот јазик да се употребува на сите нивоа.

Господине Положани, денес, морам да признам пред вас дека со вас сум се изнервирал и сум се нервирал 4 години додека бевте на власт, сум се нервирал кога ги полневте чековите со парите на народот, кога правевте злоупотреба на министерствата кои вие сте ги раководеле, господине Положани. Станував нервозен со вас 4 години по ред ког анаправивте деградација на Охридскиот рамковен договор за кој денес исто така го кревате гласот. Со вас станував нервозен 4 години по ред кога вие јавно велевте дека албанското прашање во Република Македонија е затворено. Денес, господине Положани вие со вашите другари барате повторно да го затворите ова прашање и тоа повторно парцијално, господине Положани. Секогаш ќе станувам нервозен со вас кога ќе настојувате да правите вакви работи и не само што ќе станам нервозен, туку и нема да ви ја дозволам оваа работа, заедно со моите сопартиијци. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието Љубиша Георгиевски).

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Една минута контра реплика за господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Вие господине Догани рековте дека сте  сериозен човек и исто така рековте дека сте и нервозен. Правило е, секогаш кога исчезнуваат аргументите, човекот станува нервозен. Немате аргументи и затоа станувате нервозен. Немојте да бидете нервозен.

Што се однесува до начинот како ние го искористивме минатиот мандат и што направивме, ние излеговме пред народот и народот повторно ни ја даде довербата и затоа се случуваат овие неправилности и нерегуларности што се случуваат тука.

Има еден договор кој е прифатен од двете страни. Едната страна е господинот Али Ахмети, а другата страна е господинот Груевски , во име на владината коалиција. За таа работа јас сум подготвен да дебатирам во Парламентот, така како што бара и меѓуанродниот фактор и верувам дека ќе видиме кој и како ќе продолжи понатаму. Меѓутоа немојте да бидете нервозен. Дадете аргументи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Има збор господинот Џевад Адеми.

Повелете господине Адеми.

**Џевад Адеми:** Ќе морам да почекам со мојот говор затоа што тука не го гледам господинот Груевски и не знам кому да му се обратам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Адеми, вие инсистирате да дојде премиерот?

**Џевад Адеми:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Давам пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,58 часот).

Повелете господине Адеми имате збор.

**Џеват Адеми:** Почитуван господин претседател, почитувани колеги претеници.

Јас сум принуден да коснтатирам еден интересен феномен овде во Република Македонија.

Уште и од порано е кажано дека Македонија е земја на парадоксот и навистина така и произлегува.

Пред да почнам со мојот говор во име на парламентарната група на ДУИ и ПДП, на потпретседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Иван, му посакувам првата победа над господинот Никола. Се случува тоа внатре во коалицијата, партнерите се наредени во разни табори. За среќа федерацијата на фудбалот се врати во својата институција каде на насилен начин партнерот од коалицијата сакаше да го извади од таму. Господине Никола немојте да бидете нервозни тоа е една изгубена битка. Можеби ќе ја победите следната. Животот е долг.

Денес, пред нас пратениците на Собранието на Република Македонија се наоѓа изборот на министерот за локалната самоуправа.

Во колективната меморија на Албанците ценам дека така е кај сите пратеници присутни тука, независно од нивната политичка и партиска провиниенција, во нивната интелектуална градба е вкоренето горкото искуство од минатото дека антиалбанските власти и влади, кои што постојано во историјата газеле врз достоинството на Албанскиот народ. Девиза или мото според кое се раководеле била славната поговорка "вивите ет импера" или "раздвој па владеј". Изгледа господинот Груевски добро го научиле неговите советници да и со ова дејство ја раздвои албанската политичка клетка. Денес ние сме сведоци на изборот на еден министер, кандидат на една политичка партија кој не го подржува мнозинството пратеници од таа партија. И ние од оваа седница ќе излеземе со еден нов министер и ќе излеземе со уште еден нов раздор внатре кај властите. И мене како албанец ова ме вознемирува. Ме вознемирува и како граѓанин. Посакувам да го вознемирам господинот Груевски, затоа што доколку што филозофијата која што е почната од 5 јули 2006 година за патоказ беше непочитувањето на волјата на мнозинството на албанскиот електорат во Македонија, денес се збогатува со уште еден "бисер".

Господине Џафери не вреди вашата лична жртва толку часови да седите за една ваква козметика. Денес ќе се избере министер кој што приватно јас го познавам. Добар педагог, еден достоинствен сограѓанин, лојален сограѓанин, почитуван комшија денес ќе се претвори во жртва. Жртва на политичките коњуктури што ќе резултира со уште една рана кај Албанците. На крајот на оваа седница ние ќе имаме сигурно позитивен резултат во прилог на матеметиките на господинот Груевски и ќе имаме негативен резултат во албанската политичка клетка и мнозинството Албанци пратеници овој Предлог нема да го подржат. Мнозинството пратеници на субјектот кој што формално го кандидира овој министер нема да го подржи и значително мнозинство на претседатели на опшитни или градоначалници на општини што се албанци претходно се изјасниле дека овој министер нема да го признаат како легитимен. Кој е тука жртва. Албанскиот граѓанин или предложениот кандидат за министер. Тука има и еден позитивен момент.

Јас сакам да му се заблагодарам на господинот Груевски што на пратениците на ДУИ и ПДП ни даде шанса да го потврдиме нашиот консеквентен, начелен став и пред јавноста да кажеме доколку ние не го признаваме кабинетот на Груевски, доколку ние не сме го признавале поранешниот министер за локалната самоуправа, господинот Коњановски не сме се раководеле од ниту еден национален мотив. Ние нема да го признаваме ниту министерот Мемети, затоа што оваа промена не ја рефлектира, одразува потребата која што Македонија ја има како држава, потребата која што граѓаните ја имата и потребата која што ја имаат албанците, почитување на волјата на мнозинството. Оваа формулација изгледа на некого не му се допаѓа, оваа формулација на некого му бучи во уши, меѓутоа горката вистина постојано за тие што не ја прифаќаат е горка.

Всушност, што ние правиме освен тоа што ја деградираме тежината на гласот. Ние сите заедно, независно од моменталните актери го деградираме и авторитетот на оваа институција.

Како потпарол на парламентарната група на ДУИ и ПДП со честиот контакт со новинарите, еден ме праша господине Адеми која беше последната театарска претстава што сте ја гледале? Верувајте, му реков нема потреба да гледам некаква театарска претстава затоа што секој ден сум гледач на траги комедијата која што се одигрува во овој дом, која што треба да се одрази со сериозност, одговорност и треба да рефлектира државотворност.

Културата која што е манифестирана од страна на пратениците со слаба ментална градба, кои што своето слепило го рефлектираат со некултурни интервенции од место во недостаток на аргуметнти кои што треба да се претставаат од говорницата, знаете како се рефлекритаат. Се рефлектираат во согласност со резултатот што излезе на 5 јули 2006 година. Значи, народот знае да казнува и господине Груевски над 90% на градоначалници на општините, градоначалниците нема да го признаваат вашиот предлог со сета жал што ја манифестираме за афторитетот и за личноста на кандидатот. Меѓутоа, многу потребниот процес за продлабочување на имплементацијата на децентрализацијата, на кој што вие се повикувате загрозува да направи раздор на реалното во Македонија. Ние ќе имаме имплементација на процесот на децентрализација на територијата

покриена од градоначалници македонци и ќе имаме тотална блокада на процесот на децентрализација на територијата што се покрива од градоначалници албанци.

Господине Груевски немојте утре нас да не обвинувате дека ние ги делиме граѓаните во Република Македонија. Оваа поделба ја правите вие. Оваа поделба ја почнавте уште пред предлагањето, при конструирањето на вашиот владин кабинет и продолжувате со злоупортреба, со инструментализација, со ставање во игра на авторитетот на еден добар педагог, лојален, почитуван педагог, на еден почитуван училишен центар во Битола. Не сакам да ја злоупутребувам оваа говорница и не сакам да го злоупотребам трпението на граѓаните. овој Парламент треба да каже да господинот Коњановски требаше да земине, затоа што тој не кумуницираше со мнозинството градоначалници на општините, градоначалници албанци во Република Македонија. Да господинот Коњановски требаше да замине затоа што тој го блокираше процесот на децентрализација, го блокираше започнатиот процес од централна на локално ниво. Господинот Коњановски требаше да замине затао што беше дел од екипата која што не ја почитува волјата на мнозинството на албанскиот електорат на Македонија. Меѓутоа, тој не заминува поради овие причини. Тој во својство на жртва, пожртвувана жртва со ... на адреса на господинот Груевски вели: " јас бев тука каде што бев, затоа што вие така сакате, сега ќе заминам меѓутоа имајте ме во предвид, ве молам, затоа што јас сум лојален, посушен и секоја задача што ќе ми ја доверете ќе ја исполнам до крај". Ова е нашето ниво, пред се граѓанска, не политички, не културолошки, туку граѓанско ниво. Оваа порака ја испораќаме кај нашите граѓани и нашите пријатели во Европа кои толку внимателно не следат.

Што правиме ние денес. Господине Груевски ова важи за вас, внимание, внимавајте со кој висок службеник од Европа се среќавате затоа што ќе ве прогласат за предавник. Внимателно со кој министер од која било држава од Европската унија се сретнувате, затоа што листата на предавници  е отворена. Наместо ние тука да кажеме фала му на господ почнува детантот на нашите односи со соседната држава Грција од средбата на претседателот Али Ахмети и госпоѓата министер за надворешни работи Бакојани, ние ги нарекуваме предавници. Утре истото може да се случи од средбата со Солана со господинот Шета, господинот Проди или кој било висок службеник од Европската унија. Ова не е логиката која што ние сакаме да ја промовираме во Македонија. Ова во прв ред не е логиката што ние сакаме да ја промовираме во албанскиот етнички простор. Господине Груевски наместо сите заедно да продолжиме таму каде што оставивте вие, тој светски прифатен записник пред нашите пријатели од меѓународниот фактор вие се обидувате да го контаминирате, затруете политичкиот амбиент во Македонија со посебен нагласок на албанскиот политички амбиент во Македонија. Не е чесно за еден граѓанин како што е господинот Мехмети, не е воопшто чесно во неговата биографија да се напише кога се гласа тој како министер не го гласале пратениците од неговата партија што го предложи, не го гласаше мнозинството албански пратеници и не го признаваат градоначалниците албаници.

Албанскиот граѓанин кој што толку пати посведочил, потврдил дека е заинтересиран за европската перспектива на оваа држава не го заслужуваат ова. Граѓаните албанци не го заслужуваат ваквото потценувачко и непочитувачко однесување и тврдоглаво однесување.

Господине Груевски граѓаните на Република Македонија, опфаќајќи го тука и вашиот електората заслужуваат друга, понаква филозофија, заслужуваат поинаква логика ...

(Некои пратеници меѓусебно разговараат)

Завршете, имам трепение да ве почекам.

Да констатирам дека господинот Груевски го научи албанскиот јазик или ќе чекам превод. Пратениците на коалицијата ДУИ и ПДП се дистанцираат од логиката и филозофијата која што ја промовира господинот Груевски. Продолжува и денеска да ја промовира. Мнозинството граѓани албанци се дистанцираат од оваа логика и од оваа филозофија. Ова траба да биде вознемирувачко за господинот Груевски и да каже молам ова не е перспективата што јас ја сакам за мојата држава. Премиер на Владата, премиер сум јас значи, ова не е патриотизам. Доколку и аргументите немаат доволно сила господ да ни помогне. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Садула Дураку, повелете.

**Садула Дураку:** Благодарам господине претседевач.

Дами и господа пратеници и други присутни.

Бидејќи денес во Парламентот дебатираме за можниот кандидат за министер за локалната самоуправа или пак речено подобро министер за локалната самоуправа моите колеги малку порано елаборираа за целата проблематика за тоа како треба да се води земјата, државата имајќи предвид резимеата што беа дадени од моите колеги, ми се чини дека не останало место да се каже нешто повеќе. Имајќи предвид дека се прави еден грд акт во Република Македонија посебно кон албанскиот електорат.

Парламентарната група на ДУИ и ПДП одлучивме да не учествуваме при донесувањето на оваа грда одлука во Парламентот. Значи, нема да бидеме присутни на актот на гласањето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот.

(Пратениците на ДУИ и ПДП ја напуштаат салата)

Давам 10 минути пауза за кворум.

(Пауза од 19,20 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 19,30).

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места наскоро ќе гласаме.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Предлогот Абдураман Мемети да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за локалната самоуправа го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 78 пратеници. За гласаа 68, воздржано 1 и против 9.

Констатирам дека Абдураман Мемети е избран за министер кој ќе раководи со Министерството за локалната самоуправа.

Дами и господа пратеници дозволете ми во ваше и мое име на Абдураман Мемети да му го честитам изборот и да му посакам успех во работата.

(Аплауз).

Молам, господинот Мемети да ја даде свечената изјава.

( Господинот Мемети ја дава свечената изјава)

**Абдураман Мемети:** "Изјавувам дека функцијата министер за локална самоуправа на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија".

**Љубиша Георгиевски:** Ви честитам господине Мемети. (Аплауз)

Дневниот ред за денес е исцрпен.

(Седницата заврши со работа во 19,30 часот)